ООУ„КОЧО РАЦИН“
Општина Центар, Скопје

# *САМОЕВАЛУАЦИЈА*
# *2022 година*

Јуни 2022 година

# Содржина

1. Вовед во самоевалуацијата на училиштето ........................................................................ 4
1.1 Самоевалуација ....................................................................................................... 4
1.2 Цели на самоевалуацијата........................................................................................ 4
1.3 Процес на самоевалуацијата .................................................................................... 5
1.4 Идентификациони податоци на училиштето..................................................................6

2. Подрачја на вреднување,индикатори, техники и инструменти на самоевалуацијата.....9
2.1. Подрачја на вреднување.............................................................................................9
2.2. Училишни тимови по подрчја ................................................................................ 11
2.3. Техники и инструменти кои се користени во самоевалуацијата.................................12
2.4. Нивоа на постигања.....................................................................................................12

3. Подрачја на вреднувања........................................................................................... 13
3.1 Наставни планови и програми ................................................................................ 13
3.2 Постигања на учениците ......................................................................................... 20
3.3 Учење и настава ....................................................................................................... 26
3.4 Поддршка на учениците .......................................................................................... 35
3.5 Училишна клима и односи во училиштето ............................................................. 42
3.6 Ресурси ...................................................................................................................... 48
3.7 Управување, раководење и креирање политика ...................................................... 56

4. Извештај од извршената самоевалуација со предлог мерки за подобрување на квалитетот на воспитно-образовната работа....64

# Вовед во самоевалуацијата

# на училиштето

# 1. Вовед во самоевалуацијата на училиштето

## 1.1 Самоевалуација

**Самоевалуацијата** на училиштето е процес на систематско и континуирано следење,анализирање и вреднување на оствареното со единствена цел унапредување и обезбедување квалитет во работата на училиштето.

Во постапката на самоевалуацијата на училиштето се бара одговор на три клучни прашања :

- **Колку е добро нашето училиште?**
- **Како го знаеме тоа?**
- **Што може да направиме да бидеме подобри?**

Одговорите на овие прашања мора да се темелат на објективни и релевантни податоци како и на реални увиди во функционирањето на училиштето

## 1.2 Цели на самоевалуацијата

- Структуирање на внатрешен училишен систем за следење, оценување и унапредување на работата
- Ефективно и ефикасно раководење на директорот со училиштето
- Вклучување во развојниот процес на училиштето на сите субјекти :директор, стручен соработник, наставници, ученици, родители, локалната и деловната заедница и во воспитно-образовниот систем
- Обезбедува поголема самостојност, одговорност и иновативност во училиштето
- Преземање мерки за поефикасно и поквалитетно учење, а со тоа и постигнување подобри резултати
- Детектирање на слабите страни и проблемите со кои се соочува училиштето и нивно надминување
- Зголемување на надворешното влијание врз училиштето и сите субјекти вклучени во неговата работа, севкупната образовна политика преку јасна артикулација од потребата за развој на училиштето
- Дефинирање и следење на мерливи индикатори и критериуми за вреднување на квалитетот на образовно-воспитниот процес во училиштето
- Процесот на самоевалуација е комплексен, тој е составен од повеќе фази и активности со примена на различни методи и техники со цел создавање единствени критериуми.

## 1.3 Процес на самоевалуацијата




**Шематски приказ на процесот на самоевалуација**

## 1.4 Идентификациони податоци на училиштето

ООУ „Кочо Рацин“ е основно училиште во Општината Центар – Скопје, основано на 04.12.1944 година. Носител на основачките права е Општина Центар. Училиштето се наоѓа во населба Водно, на улица „Тодор Александров“ број 2 во Општина Центар – Скопје.

Училишната зграда е од тврда градба градена етапно од 1936/1937 година до 1957 година кога е извршена доградба на училиштето. Во 1963 година се изградени спортски терени за кошарка, одбојка и ракомет.

Училишната зграда се состои од приземје, кат и подрумски простории во новиот дел, приземје со училници во постариот дел и спортска сала во посебен објект.

Училишната зграда се загрева со парно на централно греење.

**Табеларен преглед за општи податоци за ООУ „Кочо Рацин“ – Скопје**

| | |
|---|---|
| **Име на училиштето** | **„ООУ "Кочо Рацин“** |
| **Адреса,место,општина** | **Тодор Александров бр. 2 - Центар** |
| **Телефон** | **002 3 176 404** |
| **Фах** | **002 3 177 577** |
| **Веб-страна** | **kocoracin.edu.mk** |
| **е-маил** | **koco_racin@yahoo.com** |
| **Основано од** | **1945** |
| **Верификација- број на актот** | **Решение бр. 15-2219** |
| **Година на верификација** | **26.06.1984** |
| **Година на изградба** | **1936/1937 година и доградба 1957** |
| **Тип на градба** | **Тврда** |
| **Внатрешна површина на објектот** | **3622м2.** |
| **Површина на училишниот двор** | **4560 м2** |
| **Површина на спортски терени и игралишта** | **2620 м2** |
| **Начин на загревање на училиштето** | **Парно греење** |
| **Училиштето работи во смени** | **Прва** |
| **Број на паралелки** | **23** |
| **Број на комбинирани паралелки** | **/** |
| **Јазик на кои се реализира наставата во училиштето** | **Македонски** |
| **Во училиштето има паралелки за ученици со посебни образовни потреби** | **Нема** |
| **Во училиштето има паралелки од музичко училиште** | **Нема** |
| **Во училиштето има ресурсен центар** | **Нема** |

Во училиштето учат ученици од прво до деветто одделение од реонот на училиштето во кој се опфатени децата од Водно, Капиштец, Тасино чешмиче и дел од населбата Црниче – Скопје согласно реонизацијата донесена од Општина Центар.

Во учебната 2021/2022 година запишани се вкупно 575 ученици, од нив 313 се машки и 262 се женски ученици, со вкупно 23 паралелки, од кои 11 паралелки во одделенска настава и 12 паралелки во предметна настава.

**Табеларен преглед на број на ученици**

| Одделение | Бр. на паралелки | Бр. на ученици | Етничка и родова структура на учениците | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Македонци | | Албанци | | Турци | | Роми | | Срби | | Бошњаци | | Власи | | Други | |
| | | | М | Ж | М | Ж | М | Ж | М | Ж | М | Ж | М | Ж | М | Ж | М | Ж |
| **I** | 3 | 61 | 24 | 34 | / | / | 1 | / | 1 | / | / | / | / | 1 | / | / | / | / |
| **II** | 2 | 52 | 29 | 23 | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| **III** | 2 | 55 | 33 | 19 | / | 1 | 1 | / | 1 | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| **IV** | 2 | 59 | 29 | 26 | / | 1 | 1 | / | / | / | 1 | / | / | / | / | / | / | 1 |
| **V** | 2 | 61 | 36 | 20 | / | / | / | / | 2 | / | / | / | / | / | / | 1 | / | 2 |
| **I –V** | **11** | **288** | **151** | **122** | **/** | **2** | **3** | **/** | **4** | **/** | **1** | **/** | **/** | **1** | **/** | **1** | **/** | **3** |
| **VI** | 3 | 77 | 39 | 33 | / | / | / | / | 1 | / | 1 | / | 1 | / | 1 | / | / | 1 |
| **VII** | 3 | 67 | 37 | 26 | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | 1 | / | 2 | 1 |
| **VIII** | 3 | 60 | 29 | 27 | / | / | 1 | / | 1 | 1 | / | / | / | / | / | / | 1 | / |
| **IX** | 3 | 83 | 39 | 37 | / | / | 1 | / | 1 | / | 1 | 1 | 2 | / | / | 1 | / | / |
| **VI – IX** | **12** | **287** | **144** | **123** | **/** | **/** | **2** | **/** | **3** | **1** | **2** | **1** | **3** | **/** | **2** | **1** | **3** | **2** |
| **I – IX** | **23** | **575** | **295** | **245** | **/** | **2** | **5** | **/** | **7** | **1** | **3** | **1** | **3** | **1** | **2** | **2** | **3** | **5** |

Во училиштето продолжен престој (целодневна настава) се реализира во 9 паралелки од I-IV одделение, а во петто одделение се реализира класична настава. Наставата се изведува на **македонски** наставен јазик.

Училиштето работи во **една смена**.

## Број и структура на раководниот, стручниот, наставен кадар и други вработени во училиштето

### Наставен кадар

| Кадар | Вкупно | Етничка и полова структура на вработените | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Македонци | | Албанци | | Турци | | Срби | | Роми | | други | |
| | | м | ж | м | ж | м | Ж | м | ж | м | ж | м | ж |
| Број на вработен и | 59 | 7 | 51 | / | / | / | / | / | / | / | / | / | 1 |
| Број на наставен кадар | 42 | 4 | 37 | / | / | / | / | / | / | / | / | / | 1 |
| Број на стручни соработници | 4 | / | 4 | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| Административн и работници | 2 | / | 2 | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| Помошно-технички кадар | 10 | 3 | 7 | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| Директор | 1 | / | 1 | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / |

### Степен на образование на вработени

| Образование | Број на вработени |
|---|---|
| Високо образование | 48 |
| Виша стручна спрема | 1 |
| Средно образование | 10 |
| Основно образование | / |

**Старосна структура на вработените**

| Години | Број на вработени |
|---|---|
| **20-30** | 3 |
| **31-40** | 13 |
| **41-50** | 20 |
| **51-60** | 17 |
| **61 - пензија** | 6 |

## 2. Подрачја на вреднување, индикатори, техники и инструменти на самоевалуацијата

### 2.1. Подрачја на вреднување

За да се следи квалитетот во севкупната работа на училиштето потребно е да се согледаат **условите** во кои училиштето работи, **процесите** кои се одвиваат во него како и **резултатите** и **постигнувањата** на училиштето. Врз основа на овие три категории се дефинирани и утврдени подрачјата на вреднување и индикатори за квалитет.

| Подрачја на вреднување | Индикатори за квалитет |
|---|---|
| **1. Наставни планови и програми** | Реализација на наставните планови и програми<br>Квалитет на наставните планови и програми<br>Воннаставни активности |
| **2.. Постигања научениците** | Постигања на учениците<br>Задржување/осипување на учениците<br>Повторување на учениците |
| **3. Учење и настава** | Планирања на наставниците<br>Наставен процес<br>Искуства на учениците од учењето<br>Задоволување на потребите на учениците<br>Оценувањето, како дел од наставата – |

| | |
|---|---|
| | Известување за напредокот на учениците |
| **4. Подршка на учениците** | Севкупна грижа за учениците<br>Здравје<br>Следење на напредокот<br>Советодавна помош за понатамошно образование на учениците |
| **5. Училишна клима и односи во училиштето** | Училишна клима и односи во училиштето<br>Промовирање на постигањата<br>Еднаквост и правичност<br>Партнерски однос со родителите, локалната и деловната заедница |
| **6. Ресурси** | Сместување и просторни капацитети<br>Наставни средства и материјали –<br>Обезбедување на потребниот наставен кадар<br>Финансиско работење во училиштето<br>Следење на развојните потреби на наставниот кадар |
| **7. Управување, раководење и креирање на политика** | Цели и креирање на училишната политика<br>Управување и раководење со училиштето<br>Развојно планирање |

| 2.2. Училишни тимови по подрачја | | | |
|---|---|---|---|
| **Ред.број** | **Подрачје** | **Координатор** | **Членови** |
| **1.** | Наставни планови и програми | Виолета Лесанска | Елена Јордановска<br>Јуле Климевска - Манче<br>Цветанка Тасевска<br>Сузана Стојаноска<br>Марија Костовска |
| **2.** | Постигања на учениците | Гордана Богоевска | Зорица Насевска<br>Весна Бојаџиева<br>Радмила Страшевска Ристиќ<br>Ирина Шорева<br>Викторија Николовска |
| **3.** | Учење и настава | Билјана Денкова | Билјана Црвенова<br>Бранка Димевска<br>Весна Мораитова<br>Јасмина Апостолова<br>Маја Петровска |
| **4.** | Поддршка на учениците | Валентина Петровска | Габриела Апостолска<br>Горан Ѓорѓиевски<br>Катарина Миновска<br>Катица М. Христовска<br>Катерина Вукашиновски |
| **5.** | Училишна клима и односи во училиштето | Наташа Д. Митрова | Снежана Шумковска<br>Марина Гроздановска<br>Славица Мирчевска<br>Валентина Зафировска<br>Сања Марџановска |
| **6.** | Ресурси | Диана Марковски | Маргарита И. Павлова<br>Иванка Карапеева<br>Јане Боровски<br>Наталија Петрова<br>Даринка Петровска |
| **7.** | Управување, раководење и креирање политика | Славица Силјановска | Ирена Попова<br>Менка Трепалковска<br>Катерина Музелова<br>Иван Димовски<br>Александар Тошевски |

## 2.3. Техники и инструменти кои се користени во самоевалуацијата

| ТЕХНИКИ | ИНСТРУМЕНТИ |
|---|---|
| **Набљудување** | **Следење на состојбата** |
| **Анкетирање** | **Анкети** |
| **Интервју, разговори** | **Прашалници** |
| **Скалирање** | **Скали, графички, дескриптивни и нумерички** |
| **Анализа на училишни документи, дневник за работа, извештаи, записници и сл.** | **Чек листи** |

## 2.4. Нивоа на постигања

**Нивоата на постигања** содржат јасни и прецизни описи на постигнувањата кај поединечните **индикатори** во рамките на одредено **подрачје на вреднување**.Врз основа на меѓународните искуства и индикаторите за квалитет на работата на училиштата изготвен од МОН ( Државен просветен инспекторат ) вреднувањето на оствареното се врши на четири нивоа и тоа: многу добро, добро, делумно задоволува, не задоволува.

**Ниво 4 / многу добро** - се евалуираат аспекти од работата на училиштето каде преовладуваат јаките страни. Може да постојат мал број слаби страни, меѓутоа тие значително не влијаат на искуството што го имаат учениците во училиштето. Иако многу добро е највисок стандард, сепак тој стандард може да го постигне секое училиште. Тој укажува дека училиштето во тој аспект е добро и не треба да прави позначајни прилагодувања. Сепак, се очекува училиштето да продолжи да го одржува високото ниво на тој аспект и да ги користи сите можности и добри пракси што му се нудат за понатамошно подобрување.

**Ниво 3 / добро** – се евалуираат аспекти од работата на училиштето каде постојат бројни јаки страни. Има слаби страни, но тие ниту поединечно ниту групно немаат значително негативно влијание на искуството што го имаат учениците во училиштето. Евалуацијата добро може да се даде под бројни околности. На пример, учењето и наставата се соодветни и како резултат на тоа искуството на учениците е позитивно, сепак може да се дојде до сознание дека на учениците не им се нуди доволно предизвик. Најчесто овој аспект се карактеризира со јаки страни, но има една или повеќе слаби страни кои влијаат на севкупниот квалитет на искуството што го имаат учениците.

**Ниво 2 / делумно задоволува** – се евалуираат аспекти од работата на училиштето кои имаат некои јаки страни, но имаат и значителни слаби страни кои влијаат на искуството на учениците. Во целина, кога се евалуира со делумно задоволува, тоа значи дека училиштето треба да преземе структурни и навремени активности за подобрување на состојбите. Евалуацијата делумно задоволува може да се даде под бројни околности. Може да постојат јаки страни, но, исто така, и слаби страни кои индивидуално или групно може да го нарушат квалитетот на работата на училиштето.

**Ниво 1 / не задоволува** – Со не задоволува се евалуираат оние аспекти од работата на училиштето кога постојат значајни слаби страни за кои се потребни дополнителни активности од страна на училиштето.Искуството на учениците е загрозено во некои клучни аспекти. Во најголем број на случаи, наставата е оценета како незадоволителна и е потребна дополнителна поддршка од раководството во планирање и спроведување на соодветни активности за подобрување. Ова може да вклучува потреба од по подобрување. Ова може да вклучува потреба од поддршка од искусни колеги од училиштето или надвор од него.

## 3.Подрачја на вреднувања

### 3.1 Наставни планови и програми

Во ова подрачје на вреднување направено е согледување на индикаторите:

- **Реализација на наставните планови и програми**
- **Квалитет на наставните планови и програми**
- **Воннаставни активности**

### *3.1.1.Реализација на наставните планови и програми*

| **Извори на податоци** | **Добиени информации** |
|---|---|
| Наставни планови и програми донесени од МОН<br><br>Годишни глобални и тематски планирања<br><br>Дневни планирања на наставниците<br><br>Годишна програма на училиштето<br><br>Дневник на работа<br><br>Записници од родителски совет<br><br>Записник од | **Применувани наставни планови и програми**<br>Наставниот процес во ООУ „Кочо Рацин“ Скопје се реализира согласно наставниот план за деветгодишно основно образование. Наставниот план и програми се реализираат во пропишаниот обем. Во учебните 2020/2021 и 2021/2022 поради состојбата со пандемијата се реализираа скратени наставни планови и програми по насоки од МОН и БРО.<br>Наставата по физичко и здравствено образование од прво до третто одделение ја реализира предметен наставник во тандем со одделенските наставници.<br>По наставните предмети математика, природни науки, физика, хемија и биологија наставата се релизира според превземените и одобрени програми од Меѓународниот центар за наставни програми (Cambridge International Examination Centre), кои се адаптирани од страна на БРО и утврдени од МОН. Содржините во поголемиот број наставни програми овозможуваат меѓуетничка интеграција во образованието и ги вклучуваат точките на акција од воспоставените еколошки стандарди за одржлив развој и еколошки теми.<br>Од учебната 2021/2022 г. од страна на МОН и БРО, наставата се реализира според новата концепција во прво и четвртто одделение.<br>Според наставниот план наставниците во училиштето изведуваат настава по задолжителни предмети, изборни предмети, дополнителна и додатна настава. За учениците од I – IV одделение се организира продолжен престој. Наставата во училиштето се изведува во една смена.<br><br>**Информираност на родителите и учениците за наставните планови и програми**<br>Училиштето има воспоставено процедури да ги информира родителите, учениците и другите училишни тела за целите и содржините на наставните планови и програми што се реализираат. Информирањето на родителите се спроведува на почетокот на учебната година на состанокот со родителите, огласна табла, преку изготвување на брошура, преку веб страната на училиштето, како и facebook профилот на училиштето.<br>Наставниците на почетокот на учебната година изготвуваат Годишни /тематски планирања во кои се наведени наставните цели по критериуми и стандарди на оценување. Најголем број од наставниците им го презентираат исто на родителите и учениците на првата родителска средба на почетокот на учебната година. (0,95 се согласувам/делумно 0,04) |

| | |
|---|---|
| Училишен одбор<br><br>Проширена програма на училиштето. | **Прилагодување на наставните програми на децата со посебни образовни потреби**<br>Во учебната 2021/2022 година во училиштето учат вкупно 8 ученици со посебни образовни потреби, за кои е издаден наод и мислење од надлежна институција.<br>За работа со овие ученици, во училиштето има формирано училишен инклузивен тим составен од седум члена, со Одлука, заведен со број 03- 849/1 од 30.09.2019 година.<br>Училишниот инклузивен тим се грижеше за инклузивните политики и практики на ниво на целото училиште и за инклузивните тимови за учениците за кои што ќе се работи по индивидуален образовен план (во натамошниот текст: ИОП) или по модифицирана наставна програма. Училишниот инклузивен тим ги осмислуваше и спроведуваше активностите на ниво на целото училиште и водеше грижа тие да бидат усогласени и применувани во воспитно-образовната работа.<br>Училишниот инклузивен тим во соработка со родителите/старателите, за седум ученици со посебни образовни потреби изработи индивидуален образовен план за работа со учество на специјален едукатор и рехабилитатор. За еден ученик нема согласност од родителите и не се работи според индивидулна образовна програма.<br>Училишниот инклузивен тим во учебната 2021/2022 година работеше и на откривање и грижа на учениците со емоционални проблеми.<br>Училиштето од учебната 2019/2020 година е вклучено во проектот „Инклузија на деца со посебни образовни потреби“ во рамките на кој се едуцираа најголем број од наставниците преку онлајн обуки. Проектот е во рамките на Здружението за асиситивна технологија – „Отворете ги прозорците“ и подршка од Детската фондација „Песталоци“.<br>За работа со учениците со посебни образовни потреби во склоп на проектот „Инлузија на деца со посебни образовни потреби и „Ерасмус КА101“, реализирани се обуки на следните теми:<br>- Детски права<br>- Методи, техники и алатки за работа со ученици со ПОП<br>- Почитување на различностите и интеркултуризмот<br>- Интеркултурно учење<br>- Булинг, аутизам и инклузија<br>Најголем број од наставниците работат со деца со ПОП според прилагодени наставни програми, според адаптирани наставни цели по наставните предмети во соработка со стручните соработници и родителите.( 0,76 се согласувам/делумно 0,23).<br>Диференцираниот пристап е карактеристичен при работа со децата со посебни образовни потреби.<br>Од страна на ресурниот центар ПОУРЦ „Иднина„, во работата со учениците со ПОП, во учебната |

| | |
|---|---|
| | 2021/2022 година за 1 ученик обезбеди образовен асистенти.<br><br>**Избор на наставни предмети**<br>Училиштето ја почитува процедурата и дава можност учениците самосотојно да вршат избор на наставни предмети според нивните интереси и потреби.<br>Изборот се врши преку анкетирање, при што во анкетниот лист се нудат наставните предмети од листата на изборни предмети предложени од БРО.<br>Предметите што се нудат како избор на учениците се избрани согласно кадровските можности на училиштето.<br><br>**Реализација на проширени програми**<br>Училиштето ги почитува законските обврски и можностите и потребите на учениците и родителите. Има изготвено проширена програма за прифаќање и заштита на учениците, еден час пред започувањето и еден час по завршувањето на наставните часови како и продолжен престој.<br>Продолжениот престој се остварува во 9 хомогени паралелки за учениците од I до IV одделение, а за учениците од петто одделение се реализира класична настава.<br>Вклучувањето на учениците во продолжен престој е во согласност со родителот, а почитувајќи ги притоа можностите и потребите на учениците. |

## *3.1.2.Квалитет на наставните планови и програми*

| **Извори на податоци** | **Добиени информации** |
|---|---|
| Интервјуа со директорот, стручните соработници, наставниците, родителите и учениците; | **Родова и етничка рамноправност и мултикултурна сензитивност во наставните програми и учебните помагала**<br><br>Училиштето во Годишната програма има изработено Програма за Меѓуетничка интеграција во образовниот систем . Во таа насока во 2013 година склучено е партнерство со ООУ 26 јули , Општина Шуто Оризари- Скопје .<br>Во учебната 2020/2021 не се реализираа активности поради пандемијата, додека во учебната 2021/2022 |

| | |
|---|---|
| Записници од одржани родителски средби;<br><br>Записници од училишниот одбор, советот на родители и стручните органи на училиштето;<br>Брошури<br><br>Интернет страницата на училиштето | се реализраше работилница на тема „Поттикни еднаквост – биди човек“ во соработка со ООУ „ Дитуруа“. Исто така се изработија постери со тема: “Инклузивност и моето училиште” и се изврши снимање на видео запис со наслов: “ Заедно сме посилни”.<br>Училиште реализираше активностите за меѓуетничка интеграција во рамките на училиштето со учиниците од мешан етнички состав. Активностите за меѓуетничка интеграција се реализираат на часовите за животни вештини- одделенски часови преку работилници со учениците од прво до деветто одделение. Програмата нуди активности преку кои учениците соработуваат, се запознаваат, се прифаќаат и се учат на почитување на различностите и толеранција.<br>Најголем дел од наставниците во училиштето се обучени и сертифицирани за реализација на проектот за меѓуетничка интеграција во образованието и во соодржините во секој наставен предмет имаат планирани мио активности.<br><br>**Интегрирање на карактеристиките и потребите на локалната средина во наставните програми и наставните помагала**<br><br>Во училиштето постојат добри примери на соодветно интегрирани особености на локалната средина во наставните програми и наставните помагала. Училиштето редовно се вклучува во еколошки акции организирани од Локалната заедница, хуманитарни акции, спортски натпревари, организирани посети на Општината и слично**.**<br><br>**Интегрирање на општите (меѓупредметните) цели на образованието**<br><br>Наставниците во училиштето имаат интегрирано меѓупредметни цели во своите планирања, а интегрирањето на целите од еко- проектот е опфатено од сите наставници.<br><br>**Влијание на наставниците и родителите врз наставните планови и програми**<br>Училиштето покренува иницијатива за вклучување на наставниците и родителите за обемот и соодржината на наставните планови и прогрми. На одржаните состаноци на Стручен актив и Совет на родители најчесто се дискутира за преобемноста на наставните планови и програми но нема покренато писмена иницијатива за изменување и дополнување на истите или иновирање на постојните |

### *3.1.3.Воннаставни активности*

| Извори на податоци | Добиени информации |
|---|---|
| Разговор со директорот<br>Разговор со ученици, наставници и родители<br>Педагошка евиденција и документација<br>Годишна програма за работа на училиштето<br>Полугодишен и годишен Извештајод работата на училиштето<br>Програма за дополнителна и додатна настава<br>Освоени награди на натпревари<br>Анкета<br>Web страна на училиштето<br>facebook страна на училиштето<br>Разговор со стручна служба<br>Записници од работата наУчилишната заедница | **Обем и разновидност на планираните и реализираните воннаставни активности**<br>Училиштето планира и реализира разновидни воннаставни активности што ги одразуваат потребите и интересите на учениците и служат за подршка на нивниот личен, кариерен (професионален), социјален и друг развој.<br><br>**Опфатеност на учениците со воннаставни активности**<br>Учениците се вкључени во воонаставните активности според сопствен избор. Групите се хетерогени и обезбедуваат градење соживот меѓу учениците. Во училиштето постојат примери за вкључување на учениците со посебни образовни програми во воонаставните активности.<br>Учениците делумно учествуваат со свои предог, содржини и активности во подготвување на програмите за работа за воонаставните активности.<br><br>**Афирмирање на учениците и на училиштето преку воннаставните активности**<br>Учениците, со помош и поддршка од училиштето и од наставниците, учествуваат на различни манифестации и натпревари од различни области што се организираат на училишно, Општинско, регионално, државно и меѓународно ниво. Учениците и наставниците работат и на проекти од еколошка природа. Преку учеството и активностите во организираните секции, училиштето редовно ги афирмира личните постигања на учениците и училиштето.<br>Училиштето во последните две учебни години поради состојбата со пандемијата не ги реализираше планираните ученички екскурзии и излети како една од формите на вонаставна активност. Сите реализирани активности на учениците се објавуваат на веб страната и facebook страна на училиштето.<br>Училиштето има формирано училишен спортски клуб „Кочо Рацин Центар- Скопје“. регистриран во Централен Регистар на РСМ со реш. Бр. 30120150006750 од 03.04.2015 |

**Клучни јаки страни:**

- Годишните /тематски планирања и програми по сите наставни предмети содржински се квалитетно сработени.
- Примена на современи методи и техники за успешна реализација на наставните содржини.
- Постои заемна соработка на ниво на стручни активи.
- Учество на многубројни натпревари каде учениците се докажале каде освоиле бројни награди на градски, општински и државни натпревари.
- Позитивен и професионален однос од страна на наставниците кон учениците и родителите

**Слаби страни:**

- Наставниците и стручните соработници имааат дополнителна потреба од материјални ресурси за работа со ученици со посебни потреби.
- На учениците да им се даде поголем избор на интересни вонаставни (слободни) и вонучилишни активности каде што можат да се вклучат

**Идни активности: Приоритетни потподрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето**

- Да се обезбедат материјални ресурси за работа со ученици со посебни потреби
- Според насоките кои се дадени во Концепцијата за основно образование од учебната 2021/22 година на учениците да им се даде поголем избор на интересни вонаставни (слободни) и вонучилишни активности каде што можат да се вклучат.

## 3.2 Постигања на учениците

Во ова подрачје на вреднување направено е согледување на индикаторите:

- **Постигања на учениците**
- **Задржување/осипување на учениците**
- **Повторување на учениците**

### *3.2.1.Постигања на учениците*

| **Извори на податоци** | **Добиени информации** |
|---|---|
| Дневник на паралелките<br><br>Евидентни листови за успех и поведение<br><br>Прегледи за успех од тромесечие<br><br>Записници од Наставнички совет и одделенски совети<br><br>Записници од стручни активи<br><br>Анкети со наставници, родители и ученици<br><br>Годишна програма за работа и Извештај за работа на училиштето | **Следење на постигањата на учениците од различен пол, етничка припадност, според наставни предмети, квалификациони периоди**<br>Училиштето располага со податоци и анализи за постигањата на учениците по сите наставни предмети, за сите класификациони периоди по години и паралелки и презема активности за нивно подобрување.<br>Средниот успех во последните три учебни години е одличен (4,91). Во учебната 2019/2020 година средниот успех на учениците е 4,86. Во учебната 2020/2021 година е 4,96 и во учебната 2021/2022 година тој изнесува 4,92. Според анализите во изминатите три учебни години, нема значително отстапување на средниот успех на учениците.<br><br>**Идентификација на учениците со тешкотии во учењето, на надарени и на ученици со посебни образовни потреби**<br>Училиштето ги идентификува учениците кои имаат тешкотии во учењето, надарените ученици, како и на учениците со пречки во развојот и континуирано го следи нивниот напредок.<br>Поголем дел од наставниците им даваат поддршка на учениците што имаат тешкотии во учењето, на надарените ученици и на учениците со посебни образовни потреби, но не секогаш избираат активности и изготвуваат задачи соодветни на нивните интереси и можности. |

| | |
|---|---|
| Извештаи од стручна служба<br><br>Споредбени прегледи од резултати од оценувањето<br><br>Разговор со стручна служба<br><br>Програма за додатна и дополнителна настава | **Подобрување на постигањата на учениците преку редовната и дополнителната настава**<br>Во текот на учебната година, училиштето реализира дополнителна настава за учениците кои имаат тешкотии во учењето и додатна настава за учениците кои покажуваат интерес и постигаат значителни резултати во одделни области.<br>Додатната настава интензивирано се реализира пред учеството на учениците на манифестации, приредби и натпревари.<br>Учениците редовно учествуваат на организирани натпревари на општинско, регионално и државно ниво и имаат освоено значителен број награди, пофалници, пехари и дипломи.<br><br>Во учебната 2020/2021 година учениците освоиле 58 награди на општински натпревари, 41 награди на регионални натпревари и 8 награди на државни натпревари. Во учебната 2021/2022 година учениците освоиле 48 награди на општински натпревари, 37 награди на регионални натпревари, 22 награди на државни натпревари и 2 меѓународни натпревари.<br>Најмногу награди се освоени по наставните предмети физика, биологија, хемија, македонски јазик и математика, географија како и од областа на спортот и хор и оркестар<br>Голем број од наставниците се консултираат со стручните соработници за подобрување на постигањата на учениците наставниците .<br><br>**Следење на постигањата на учениците**<br>Следењето на постигањата на учениците е континуирано и разработено во компаративните анализи од еден во друг циклус на образование во училиштето.<br>Преку сеопфатниот увид во постигањата на учениците проверени преку интерни тестирања, училиштето планира и превзема активности за подобрување на постигањата на учениците.<br>Промовирање на постигањата на учениците се врши преку доделување на награди и признанија на патрониот празник на училиштето, на одредени манифестации во организација на општината, со учество во емисии на националните телевизии и други медиуми и промовирање преку веб страната на општината и веб страната на училиштето.<br><br>**Следење на постигања на учениците при премин од еден во друг циклус и од едно во друго ниво на образование**<br>Училиштето не ги следи постигањата на учениците при премин од еден во друг циклус |

| | |
|---|---|
| | и од едно во друго ниво на образованието поради немање на податоци за запишување на учениците.<br>Во текот на април и мај средните училишта вршат организирани презентации за деветтоделенците, а во месец мај се реализира отворени денови на средни училишта. Целите за превземање на овие активности се во интерес на учениците како би извршиле правилен избор на понатамошното образование и да направат разлика помеѓу фантазијата и реалниот избор на идното занимање. |

### *3.2.2.Задржување / осипување на учениците*

| **Извори на податоци** | **Добиени информации** |
|---|---|
| - Податоци и извештаи од психолошко / стручни соработници<br><br>- Податоци од одделенски раководители одделенски дневници<br><br>-Податоци од административна служба (секретарот ), и главна книга<br><br>-Програма за работа и Извештај за работа на училитето<br><br>-Списоци на деца од реонот на училиштето | **Опфат на ученици**<br>Училиштето има изградена политика за запишување на сите деца од својот реон, вклучувајќи и услови за запишување на деца со посебни образовни потреби. На почетокот на учебната 2020/2021 година во прво одделение се запишале 51 ученици, а во учебната 2021/2022 во прво одделение се запишале 77 ученик . Вкупниот број на запишани ученици во учебната 2019/2020 година изнесува 634 ученици, во учебната 2020/2021 година изнесува 586 ученици, додека во учебната 2021/2022 година вкупнио тброј изнесува 575 ученици.<br><br>**Редовност во наставата**<br>Училиштето системски ја следи редовноста на учениците, ги анализира причините за отсуство од наставата и презема конкретни активности. Во учебната година 2020/2021 година вкупниот број на изостаноци изнесува 2557 изостаноци , 4,36 изостанок по ученик, од кои 61 неоправдани изостаноци или 2,39% неоправдан изостанок. Во учебната година 2021/2022 година вкупниот број на изостаноци изнесува 13301 изостаноци, 23,12 изостанок по ученик, од кои 189 неоправдани изостаноци или 1,42% неоправдан изостаноци. |

-Известувања МОН и ДПИ

-Интервју со стручната служба

**Споредбени податоци со претходните учебни години**

| **Изостаноци** | **2020/21** | **2021/2022** |
|---|---|---|
| **Оправдани** | 2557 | 13301 |
| **Неоправдани** | 61 | 189 |
| **Вк.изостаноци** | **2496** | **13112** |

Училиштето има политика на бележење и следење на изостанувањата. Од анализите што ги водат стручните соработници за последните две учебни години, може да се констатира дека има зголемување бројот на оправдани и неоправдани изостаноци. Според изготвените извештаи бројот на неоправдани изостаноци главно се должи на доцнење на првиот и третиот час (по завршување на големиот одмор).

Училиштето по потреба реализира советувањата на родителите и учениците и води уредна евиденција. Во последните две учебни години реализирани вкупно 4 советувања и тоа: 2 по основ на намален успех и 2 по основ за несоодветно однесување на учениците .

Советувањето се врши преку комуникација со учениците, преку индивидуални и групни средби со родителите и со реализација на структурирани работилници со учениците.

**Осипување на учениците**

Осипувањето на ученици е незначително. Бројот на ученици кои од различни причини го напуштаат нашето училиште (преселување, заминување во странство и сл.) е помал од бројот на оние кои доаѓаат од друго место или училиште. Осипувањето на учениците кое е минимално, се следи и анализира од стручните соработници.

**Преминување на учениците од едно училиште во друго**

Училиштето ја почитува постапката за премин на ученици од едно училиште во друго и за истото води педагошка евиденција и документација согласно законските прописи. При преминување на учениците од едно во друго училиште се запазува постапката за уредно водење педагошка евиденција и документација и навремено доставување на информации за ученикот и истите ги зема во предвид при натамошна образовна работа со ученикот.

### *3.2.3.Повторување на учениците*

| **Извори на податоци** | **Добиени информации** |
|---|---|
| • Увид во педагошка евиденција и документација<br>• Записник од наставнички совет<br>• Годишен извештај за работа на училиштето | **Ученици кои не ја завршиле годината**<br><br>Во учебната 2020/2021 година сите ученици преминаа во наредното одделение.<br>Во учебната 2021/2022 година, два ученика од четвртто одделение поради отсуство од настава повеќе од една третина од фондот на часови и постигнаа минимум резултати од учењето, на предлог на одделенските наставници и во согласност од родителот/старателот, останаа во истото одделение. Еден ученик ќе полага одделенски испит исто поради отсуство од настава повеќе од една третина од фондот на часови.<br>Училиштето ги запознава учениците и родителите со правото за поднесување на приговор доколку е незадоволен од годишната оценка . |

**РЕЗИМЕ И ЗАКЛУЧОЦИ ЗА ПОДРАЧЈЕТО ПОСТИГАЊА НА УЧЕНИЦИТЕ**
**Клучни јаки страни:**

- Се планираат и превземаат конкретни активности за постојано подобрување на постигањата на учениците
- Во училиштето има изготвено процедура за идентификација на ученици со тешкотии во учењето, ученици со посебни образовни потреби
- Училиштето ја практикува инклузијата на децата со посебни образовни потреби во секојдневните свои активности и со нив работат одделенските и предметните наставници во соработка со стручната служба
- Во училиштето се следи и анализира редовноста на учениците
- Учениците редовно добиваат повратни информации и препораки за нивните постигнувања и напредок во учењето.
- Учениците добиваат подршка и можност за проширување и продлабочување на знаењата со организација на часови за додатна настава.

- Учениците добиваат подршка и можност за подобрување  на знаењата со организација на часови за дополнителна настава.
- Родителите редовно го користат е-дневникот за да се информираат за наставните содржини ,успехот и присуството на наставата на своето дете
- Учениците се вклучуваат во процесот на оценување

**Слаби страни:**

- Следење на постигањата на учениците при премин од еден во друг образовен циклус од основно во средно образование

**Идни активности:  Приоритетни потподрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето:**

- Да се следат  постигањата на учениците при премин од еден во друг образовен циклус, од основно во средно образование

## 3.3 Учење и настава

Во ова подрачје на вреднување направено е согледување на индикаторите:

- **Планирање на наставниците**
- **Наставен процес**
- **Искуства на учениците од учењето**
- **Задоволување на потребите на учениците од наставата**
- **Оценување како дел од наставата**
- **Известување за напредокот на учениците**

### *3.3.1 Планирање на наставниците*

| **Извори на податоци** | **Добиени информации** |
|---|---|
| • Годишни, тематски планирања и дневна подготовка (Проверка на навременоста на изготвување на годишните планирања, проверка на навременоста на реализирање на тематските планирања)<br><br>• Разговор со директор, стручна служба, наставници<br><br>• Записници од | **Поддршка и следење на планирањата на наставниците**<br>Во училиштето има пропишани процедури за поддршка и следење на планирањата на наставата од страна на директорот и стручната служба.<br>Годишните и тематски планирања се разгледуваат и прибираат на почетокот на учебната година. Оперативните планови за наставен час континуирано се следат во текот на годината и при посетите на часови од страна на директорот и стручната служба.<br>Училиштето им обезбедува поддршка на наставниците за вградување на целите од интегрираното образование и еколошките содржини во планирањата на наставниците.<br>Најмалку два пати во учебната година се следат планирањата на наставниците од директорот и стручната служба.<br><br>**Индивидуални планирања на наставниците**<br>Наставниците редовно ги изготвуваат годишните и тематски планирања во согласност со наставните планови и програми.<br>Наставниците изработуваат дневен оперативен план за наставен час. Најголем дел од планирањата ги содржат сите елементи за успешна организација и реализација на часот. Дневно оперативните планирања се усогласени со тематските планирања.<br>Во помал дел од планирањата се вградени диференцирани активности по тежински нивоа каде што се предвидени задачи за сите ученици вклучувајќи ги и учениците кои имаат |

| | |
|---|---|
| состаноците на стручните активи; | потешкотии во учењето.<br>Во дневното планирање на наставниците планирани се и техники со кои ќе се развива критичко размислување кај учениците, а во делот на рефлексијата вметнати се индикатори и критериуми со кои наставникот врши самовреднување на успешноста на наставниот час, посебно во делот во функција на развивање на критичкото размислување кај учениците.<br>Освен за задолжителните и изборните наставни премети, наставниците изготвуваат годишно планирање за одделенскиот час, дополнителната и додатна настава.<br>За реализирање на адаптираните Кембриџ наставни програми преземени и одобрени од Меѓународниот центар за наставни програми (Cambridge International Examination), планирањата на наставниците се изготвуваат според дидактичките насоки добиени од Бирото за развој на образованието. Меѓутоа, постоечкиот план и програма треба да претрпат промени во однос на обемот и содржината.<br>Размена на искуства и информации при планирањето<br>За подобрување на квалитетот на планирањата, наставниците разменуваат искуства и идеи во рамки на стручните активи и со поддршка од стручната служба. Наставниците од одделенска настава во однос на планирањата и дополнителните дидактички материјали дискутираат на стручните активи и најчесто заедно ги изработуваат.<br>Постои соработка и помеѓу наставниците од предметна настава во однос на изработка на планирањата, но најчесто тие, своите планирања ги изготвуваат индивидуално**.** Треба да се подобри комуникацијата и соработката меѓу вработените за поефикасно координирање и заедничко решавање на прашања во однос на сите подрачја.<br>Со учениците со посебни образовни потреби наставниците наставата ја реализираат во обемот на прилагодени програми кои ги изготвуваат во соработка со училишниот дефектолог, наставниците и родителите. Треба да се подобри соработката помеѓу наставниците, родителите и стручната служба во изготвување на наставни програми за според адаптирани наставни цели и предмети за деца со ПОП.<br>Во планирањата опфатени се сите воспитно-образовни компоненти и се запазува временската рамка за реализација. Застапена е корелација (интегрирање) на наставните содржини по повеќе наставни предмети.<br><br>**Распоред на часови**<br>Распоредот на часови и за предметна и за одделенска настава се изготвува од страна на наставник по математика. Тој е направен според просторните и кадровските можности на училиштето. Училиштето изработува распоред за додатна и дополнителна настава кој е |

| | |
|---|---|
| | истакнат на видни места во училиштето. Истиот се реализира според предвидената динамика и според утврдените потреби на учениците. |

### *3.3.2.Наставен процес*

| **Извори на податоци** | **Добиени информации** |
|---|---|
| • Инструмент за следење на планирањата и подготовката на наставниот час;<br><br>• Инструмент за следење на изведбата на наставниот час;<br><br>• Инструмент за следење на водењето и текот на наставниот час;<br><br>• Посета на час;<br><br>• Годишни, тематски, дневни планирања;<br><br>• Годишна програма за работа на директор и педагог; | **Наставни форми и методи**<br>Од посетените часови констатирано е дека училниците ги исполнуваат стандардните нормативи во однос на просторот и основното опремување на истиот. Наставниот кадар е стручен и соодветен за организирање и реализирање на наставата. Сите наставници имаа изготвено оперативен план за наставен час. Наставниците користат разновидни наставни форми и методи, што се соодветни на потребите на учениците и нивните стилови на учење.<br>Задачите што се работат во училиште секогаш се испланирани и поврзани со работата на учениците за време на часовите. Наставниците користат ресурси и различни приоди за учење и настава. Најголемиот број наставници се обучени за примена на нови образовни технологии во наставата и истите ги употребуваат. За реализација на наставниот процес се користат бесплатни одобрени учебници кои се доставени во училиштето и за кои се води уредна евиденција.<br><br>**<u>Употреба на ИКТ во наставата</u>**<br><br>Во Годишните планирања најголем број на наставници имаат планирано реализација на наставни содржини со примена на ИКТ.<br>За реализација на часовите со примена на ИКТ, има функционални декстоп компутери со звучник и камера во секоја училница, за непречено фунционирање на настава со физичко присуство и онлајн наставата. Училиштето дополнително располага и со 20 мини лаптопи, но најголем дел од компјутерската опрема е дотраена. За примена на ИКТ во наставата училиштето има опремено 8 училници со дигитални табли и 4 училници со бели табли и 4 функционални ЛЦД проектори .<br>Наставниците се делумно обучени за употреба на смарт таблите и новите образовни |

| | |
|---|---|
| • Интервјуа со наставници и ученици;<br><br>• Сертификација на наставници;<br><br>• Прашалник за наставници<br><br>• Прашалник за ученици<br><br>• Прашалник за родители | технологии во наставата.<br><br>**Избор на задачи, активности и ресурси**<br>Наставниците ги споделуваат со учениците целите на наставата и очекуваните резултати од учењето и истите им се јасни на повеќето ученици. Учениците се поттикнуваат активно да учествуваат во наставата и нивниот придонес се почитува. Наставниците користат позитивни приоди за да ги мотивираат учениците. Учењето во училницата е активно за поголем број на ученици, а на часовите има работна атмосфера, која е поизразена во одделенска настава.<br>Во училиштето застапена е интерактивна настава. Учениците активно се вклучени во процесот на учење. Најголем број од наставниците користат современи форми, методи и техники на работа.<br><br>**Приодот на наставникот кон учениците**<br><br>Сите наставници се однесуваат со учениците на начин кој промовира взаемно почитување, помош, соработка и разбирање, без притоа да се прави разлика во однос на нивниот пол, социјалното потекло, како и нивната етничка припадност. Наставникот има пристап кој дозволува поставување на прашања од страна на учениците за содржини кои не им се јасни и не можат да ги совладаат.<br><br>**Интеракција меѓу наставниците и учениците**<br><br>Во училиштето застапена е интерактивна настава. Учениците активно се вклучени во процесот на учење. Најголем број од наставниците користат разнолични форми, методи и современи наставни техники кои овозможуваат интеракција на релација наставник-ученик и ученик-ученик. Интерактивна настава е застапена на часовите за усвојување нови знаења, вежби и утврдување на знаењата, која се согледува преку користење на наставни ливчиња, решавање проблемски ситуации и слободна размена на мислење.<br><br>**<u>Следење на наставниот процес</u>**<br><br>Училиштето има интерна процедура (протокол) за следење на наставниот процес која нуди систематизираност и ефективност. Директорот на училиштето и стручните соработници редовно го следат работењето на наставниците. Имаат изготвено писмена процедура за |

| | |
|---|---|
| | следењето. Посетите се евидентираат и водат во посебна евиденција која се бележи во изготвен формулар за следење на час. |

### *3.3.3.Искуства на учениците од учењето*

| **Извори на податоци** | **Добиени информации** |
|---|---|
| • Прашалник за ученици<br>• Прашалник за родители<br>• Прашалник за наставници<br>• Разговор со ученичката заедница, родителите, наставниците<br>• Кодекс за однесување | **Средина за учење**<br>Средината за учење поттикнува доволно интерес за учење во стимулативна и пријатна атмосфера. Училишниот простор е уреден со ученички трудови, постигања, информации, паноа за подучување и др. Постојано се изработуваат трудови од учениците и истите се изложени на видни места, во училниците и во ходниците на училиштето. Секој ученик добива можност за изложување на труд. Пред училниците има информативни паноа за учениците и родителите.<br><br>**Атмосфера за учење**<br>Учениците сметаат дека по повеќето предмети се учи на интересен начин. Содржините кои што се учат се поврзани со секојдневието, се применливи и корисни во реалниот живот и ги оспособуваат за активно учество во демократско и мултикултурно општество. За време на часот најголем дел од наставниците ги охрабруваат учениците самостојно и критички да размислуваат, да поставуваат прашања и да изведуваат заклучоци за она што го учат. Наставниците не ги искажуваат слабите страни на учениците пред другите ученици или возрасни.<br><br>**Поттикнување на учениците за превземање на одговорност**<br>Повеќето ученици сметаат дека имаат можност да го искажат своето мислење и да преземат одговорност при решавањето на проблеми поврзани со учењето, во и надвор од наставата.<br>Со реализацијата на еко акции и едукации, учениците преземаат одговорност и |

| | |
|---|---|
| | зголемување на свестта за зачувување на природната средина.<br><br>**Интеракција на учениците меѓу себе и со возрасните во училиштето**<br>Голем број на ученици сметаат дека треба да се зголеми соработката за одговорност и меѓусебно почитување во активностите што заедно ги остваруваат. Во училиштето се применуваат различни форми за соработка со цел да се поттикне добра комуникација меѓу учениците и взаемна почит.<br><br>Учениците заеднички работат на различни проекти, во и надвор од наставата, во групи со различен состав и големина. Учениците се чувствуваат безбедно и сигурно во училиштето. |

### *3.3.4.Задоволување на потребите на учениците*

| **Извори на податоци** | **Добиени информации** |
|---|---|
| • Прашалник за ученици<br>• Прашалник за родители<br>• Прашалник за наставници<br>• Разговор со ученичката заедница, наставниците<br>• Увид во евиденцијата на стручната служба<br>• Дневници за одделенска и предметна настава<br>• Годишна програма за работа на директор и педагог<br>• Годишен извештај за работата на училиштето | **Идентификација на образовните потреби на учениците**<br>Идентификувањето на проблемите на учениците во текот на наставната година се следи системски. Наставниот кадар и стручните соработници, на почетокот на учебната година ги идентификуваат и препознаваат образовните потреби и потешкотии во процесот на учење и преземаат активности за нивнонадминување.<br>Во училиштето има 8 учени со посебни образовни потреби. Од вкупно 8 ученика со ПОП, за 7 ученика се изработени ИОП, додека за 1 ученик не е изработен од причина што родителите не се согласуваат.<br>За учениците со ПОП (вклучувајќи ги и талентираните деца) пристапот од наставниците е задоволителен, но не секогаш се изготвуваат прилагодени вежби и задачи според потребите и можностите за работа со тие ученици.<br><br>**Почитување на различните потреби на учениците во наставата**<br><br>Редовно се врши поттикнување на послабите ученици да учат и да го достигнат својот максимум. Најголем број од наставниците во процесот на поучување користат различни интерактивни техники со цел учениците да научат најмногу што можат. |

### *3.3.5.Оценувањето како дел од наставата*

| **Извори на податоци** | **Добиени информации** |
|---|---|
| • Програма за работа на училиштето;<br>• Стандарди за оценување;<br>• Увид во педагошка евиденција и документација;<br>• Користени инструменти за оценување(тестови на знаење, бодовни листи, чек листи);<br>• Примери на оценети ученички трудови;<br>• Прашалници за ученици и наставници;<br>• Евиденција на наставници за остварени средби и соработка со родители;<br>• Листи за следење и вреднување на работата наставникот за оценувањето на постигањата на учениците. | **Училишна политика за оценување**<br>Училиштето ги применува законските и подзаконските прописи што го регулираат оценувањето на учениците. Критериумот на оценување на постигањата на учениците е според стандардите за оценување со кои учениците се запознаени по повеќето наставни предмети.<br><br>**Методи и форми на оценување**<br>Најголем број наставници користат разновидни методи за оценување. Се применуваат: чек листи за оценување на постигањата на учениците, наставно ливче, усна повратна информација, портфолија, писмена работа, контролен тест, тестовите на знаење на крајот од наставните теми и друго. Оценката е сумативна од сите компоненти а оценувањето е транспарентно и континуирано. Сите наставници применуваат формативно и сумативно оценување.<br><br>Наставниците водат грижа оценувањето да биде според ангажирањето на ученикот. Најголем број наставници не прават разлика помеѓу учениците според пол, етничка припадност и социјален статус. Преку самооценување и меѓусебно оценување учениците се вклучуваат во оценувањето и им се дава можност да ги согледаат критериумите и да ги подобрат постигањата.<br><br>Учениците добиваат повратна информација од наставниците за нивните постигања. При разговорот воден со ученичката заедница дел од учениците истакнаа дека на крајот од учебната година се забележува поправање на оценките на дел од учениците. |

### *3.3.6.Известување за напредокот на учениците*

| Извори на податоци | Добиени информации |
|---|---|
| - Распоред на приемни денови за сите наставници<br>-Увид во педагошка евиденција и документација<br>-Евиденција на наставниците за остварени средби со родители<br>- Записници од родителски средби<br>-Записници од состаноци на родителите претставници на родителските одбори<br>-Листи за следење и вреднување на работата наставникот за оценувањето на постигањата на учениците.<br>-Електронски дневник<br>-Педагошката евиденција и документација | **Известување на родителите за напредокот на учениците**<br>Најголем број од наставниците навремено ги известуваат родителите за напредокот на нивните деца. На родителите им се даваат конкретни препораки за подобрување на постигањата, особено на учениците со послаб успех, при што советодавно се вклучува стручната служба со одредени препораки. Потребна е поголема грижа за секој ученик со различни способности или афинитети да биде соодветно поттикнат.<br><br>Доследно се води евиденција при изрекување на педагошки мерки. До родителите навремено се доставуваат евидентни листови за постигањата на учениците по квартални периоди.<br><br>За успехот и постигнатите резултати се расправа на формално и неформално организирани поединечни или групни родителски средби. Поради пандемијата одреден период изостана организацијата ,,отворен ден“.<br>Во училиштето има истакнат распоред за приемни денови на сите наставници и истите во последните две години беа реализирани онлајн. |

## РЕЗИМЕ И ЗАКЛУЧОЦИ ЗА ПОДРАЧЈЕТО УЧЕЊЕ И НАСТАВА

**Клучни јаки страни:**

- Годишните /тематски планирања и програми по сите наставни предмети содржински се квалитетно сработени.
- Примена на иновации и современи методи и техники за успешна реализација на наставните содржини.
- Примена на различни форми и методи за оценување на постигањата на учениците.
- Континуирано следење на постигнувањата на учениците и преземање активности за нивно подобрување.

**Слаби страни:**

- Во помал дел од оперативните планови за наставен час се вградени диференцирани активности по тежински нивоа како и прилагодени задачи за учениците кои имаат потешкотии во учењето.
- За учениците со ПОП (вклучувајќи ги и талентираните деца) пристапот од наставниците е задоволителен, но потребна е дополнителна помош во изготвување на прилагодени вежби и задачи според потребите и можностите за работа со тие ученици. Треба да се подобри соработката помеѓу наставниците, родителите и стручната служба во изготвување на наставни програми според адаптирани наставни цели и предмети за работа со деца со ПОП.
- Училиштето недоволно располага со техничка опрема и нови образовни технологии во наставата. Најголем дел од компјутерската опрема е дотраена. Наставниците се делумно обучени за употреба на смарт таблите.

**Идни активности: Приоритетни потподрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето**

- Во оперативните планови за наставен час, наставниците да ги диференцираат целите според можностите на учениците, односно да изготвуваат прилагодени задачи за надарените ученици и учениците кои имаат потешкотии во учењето.

- Тимот за професионален развој на наставникот во својата годишна програма да планира обука за наставниците која опфаќа работа за деца со ПОП и надарени деца. Воедно и да се планира обука за примена на смарт таблите и новите компјутерски технологии во наставата.

## 3.4 Поддршка на учениците

Во ова подрачје на вреднување направено е согледување на индикаторите:

- **Севкупна грижа за учениците**
- **Здравјето и пост-конфликтните трауми**
- **Советодавна помош на учениците**
- **Следење на напредокот**

### *3.4.1.Севкупна грижа за учениците*

| Извори на податоци | Добиени информации |
|---|---|
| Програма за работа на директорот;<br>програма за работа на стручната служба;<br>записници (евидентни листи) од индивидуалните разговори со учениците и со родителите;<br>увид во педагошката евиденција<br>увид во просторните капацитети и увид на час;<br>податоци за организирана исхрана на учениците;<br>интервјуа со наставниците, родителите и учениците; | **Заштита од физички повреди и елементарни непогоди**<br>Училишниот простор е безбеден за изведување настава. Училиштето има пропишани мерки и активности за безбедност на учениците во текот на наставата во училишната зграда и во училишниот двор и ги реализира според планираното.<br>Инфраструктурата во училиштето (мебелот, скалите, подовите, покривот, прозорците, струјните места, дворот, итн.) е безбедна и не претставува потенцијална опасност за повреди на учениците.<br>Сите потенцијално опасни места во училиштето што не може да се избегнат (шахти, штекери, скали, лизгави површини и сл.) се посебно означени и учениците се свесни за нивното присуство и се информирани за можните опасности.<br>Примарна заштита и безбедност во училишните простории се обезбедува преку поставување на дежурни наставници.<br>За физичкото обезбедување на учениците во училиштето, ангажирани се две лица, од кое едно со Одлука на Советот на родители, и второто обезбедено од страна на општина Центар.<br>Во доцните попладневни часови училиштето има чуварска служба<br>Во училиштето има 10 противпожарни апарати и истите редовно се сервисираат (договор за сервисирање 03-151/1 од 23.02.2022 год.) , 2 ЦО2 и 5 хидранта. |

| | |
|---|---|
| евиденција и известувања од училиштето за учениците со емоционални, физички и социјални проблеми;<br><br>досие на ученикот;<br><br>годишна програма за работа на училиштето;<br><br>програма за работа на тимот за инклузија и акционен план;<br><br>програма на тимот за намалување на насилството во училиштето; | Училиштето има поставено видео надзор.<br>Извршено е мерење на громобранова инсталација .<br>Училишниот двор во училиштето е ограден и хортикултурно уреден(поплочен со бекатон плочки, поставени клупи и корпи за отпадоци).<br>Училиштето го има осигурано училишниот објект ( полиса бр. 334096000445). Воедно има осигурителни полиси за наставниците –полиса бр. 010550136911 и за учениците полиса бр. 010550128541.<br>Во училиштето има обучено лице кое поседува сертификат за давање прва помош на ученици при несреќни случаи и училиштето располага со пакет средства за прва помош.<br>Училиштето има Програма за заштита и спасување од елементарни непогоди, кој содржи планирани активности како работилници, трибини и предавања и е составен дела на Годишната програма за работа. Постои план за евакуација со шематки приказ кој е прикачен во училиштето. Училиштето има изведена симулација за постапување во случај на елементарна непогода со сите субјекти.<br>Во ноември 2021 година, се реализираше обука на наставниците за заштита од пожари, елементарни непогоди, се изготви План за евакуација и спроведување вежби и се спроведе вежбовна активност со учениците и наставниците за заштита и спасување од елементарни непогоди.<br>**Превенција од насилство**<br>Во училиштето има Куќен ред и Кодекс на однесување на сите структури . Истите се истакнати во ходниците на училиштето. Со нив се дефинирани сите облици на однесување на учениците, наставниците и родителите.<br>Учениците и родителите не учествувале во донесување на тие акти. Куќниот ред е изработен од страна на стручните служби пред повеќе години и истите не се заведени<br>Во училиштето има изготвено стратегија за намалување на насилството , каде се опишани механизми за постапување и справување со појавите на насилство.<br>Училиштето го применува Правилникот за изрекување на Педагошки мерки.<br>**Заштита од пушење, алкохол и дрога**<br>Училиштето има политика за забрана за пушење, консумирање алкохол и дистрибуција и консумирање на наркотични средства. Во таа смисла во училиштето се организираат и предавања за штетноста на пушењето, консумирањето на алкохол и последиците од користење на дрога и наркотични средства и во соработка со служби од надлежни институции се одржуваат работилници и трибини.<br>Во училишната зграда има истакнато плакати и постери со кој се забранува пушење, |

| | |
|---|---|
| | внесување и користење на дрога и други наркотични средства во училишните простори.<br>Во училиштето не се пуши и не се доаѓа во алкохолизирана состојба. Не се регистрирани случаи на психичко и физичко малтретирање и не постои меѓунационално нетрпиение меѓу учениците.<br>**Квалитет на достапна храна**<br>Училиштето има организирана исхрана за учениците во училиштето и дневниот престој. Редовно се проверува квалитетот на храната од релевантни институции. Досега не е забележано појава на труење на ученици од храна. Во училиштето се води кампања за здрава исхрана меѓу учениците.<br>**Поддршка на учениците со телесни пречки во развојот**<br>Училиштето има пропишани процедури за грижа за учениците со пречки во развојот/физичка попреченост. Училиштето соработува со родителите, со ресурсните центри и другите релевантни институции и организации во обезбедувањето грижа за учениците со пречки во развојот/физичка попреченост и има развиени механизми за поттикнување на соучениците во давањето помош и водењето грижа за овие ученици. Пристапот во училиштето не е приспособен на потребите на учениците со пречки во развојот/физичка попреченост – нема пристапни рампи. Просторот во ходниците и во училниците не овозможува нивно движење. Инвентарот во училниците не е соодветен на потребите на учениците и не постои приспособен тоалет за ученици со физичка попреченост што е достапен за нивна употреба.<br>**Грижа за ученици од социјално загрозени семејства**<br>Во училиштето има деца од социјално загрозени семејства и ЈУ Детски дом „11 Октомври“, Скопје, како и еден ученик од ЈУ за згрижување на деца со воспитно-социјални проблеми и нарушено однесување.<br>Училиштето дознава за ученици од социјално загрозени семејства преку одделенските раководители.<br>Од страна на Општина Центар, на почетокот на учебната година се доделува месечен паричен надоместок за еден ученик од училиштето.<br>Училиштето соработува со локалната заедница и други институции кога е во прашање помош за социјално загрозени ученици. |

### *3.4.2.Здравје*

| **Извори на податоци** | **Добиени информации** |
|---|---|
| Записници од надлежни органи во училиштето за хигиена<br><br>Куќниот ред на училиштето<br><br>Правилник за организација и систематизација на работите и работните задачи<br><br>Извештаи од систематски прегледи | **Хигиена и заштита од болести**<br>Хигиената во училиштето е на задоволително ниво. Училиштето воспитно делува учениците да ја одржуваат личната хигиена.<br>Чистењето на училниците се врши пред почетокот на наставата и по завршување на сите училишни активности. Во тоалетите постојано има течен сапун и почесто се чистат со задолжително водење евиденција за спроведеното чистење и дезинфекција со средство кое дејствува на вируси според упатство од производителот. Холовите, скалите и останатите заеднички простории треба да се чистат почесто, додека учениците се на настава и позавршувањето на сите училишни активности. Училиштето по потреба врши дезинфекција, дезинсекција и дератизација кое е спроведено одовластена фирма.<br>Во училниците и во тоалетите има истакнати предупредувања и плакати за хигиена и заштита од болести, а во училишниот хол се изложуваати постери за заштита од заразни болести, вклучително и вирусот Ковид19.<br>Дворот на училиштето е чист, а еден дел е хортикултурно уреден.<br>Училиштето постапува по препораките и насоките на санитарната инспекција во врска со одржувањето на хигиената во училиштето и заштитата од заразни болести.<br>Од страна на училиштето, родителите и учениците беа навремено информирани за обавувања на редовни систематски прегледи и вакцинирања.<br>Во јануари 2022 година се реализираше систематски преглед за вработените (кој се врши на секои две години).<br>Во Годишната програма на училиштето постои програма за здравствена заштита на учениците и превенција од заразни болести. Редовно се вршат систематски прегледи, вакцинации,стоматолошки прегледи и залевање на заби на учениците во соработка со ЈЗУПоликлиника „Идадија“ и Поликлиника „Бит Пазар“.<br>Училиштето соработуваше и со Завод за јавно здравје –Скопје за превземање на епидеимилошки мерки.<br>Истовремено на секој одделенски час учениците се едуцираа за заштита на сопственото здравје од виросот ковид 19.<br>Во училиштето има корпи за отпадоци и училиштето се грижи учениците да ги фрлаат |

| | |
|---|---|
| | отпадоците во нив. Во изминатите две години извршена е дезенфекција, дератизација и дезинсекција.<br>**Грижа за ученици со здравствени проблеми**<br>Училиштето има пропишани процедури за грижа на учениците кои поради хронично заболување или посериозни повреди подолго време отсуствуаат од редовната настава. Процедурите се спроведуваат во практиката за сите ученици кои имаат потреба од таков третман. |

### *3.4.3.Советодавна помош на учениците*

| **Извори на податоци** | **Добиени информации** |
|---|---|
| Записници од работилниците;<br><br>записници од родителските средби;<br><br>анкети и интервјуа со учени-ците и со родителите;<br><br>програма за професионална ориентација на учениците; флаери; предавања;<br><br>записници од индивидуални разговори со родителите и со учениците;<br><br>записници од состаноци на тимот за инклузија. | **Пружање помош при избор на занимањето / институцијата за понатамошно образование, доусовршување или вработување**<br>Училиштето организира активности за професионалната орентација на учениците од деветто одд. на барање на надворешни субјекти односно на барање на државните и приватните средни училишта.<br>Училиштето им обезбедува на учениците јасни, точни и најнови информации за можностите за понатамошно образование. За таа цел организира сопствени активности и користи промотивни материјали од образовните институции за професионална ориентација на учениците (флаери, отворени денови, посети на училишта и др.).<br>Во училиштето се организираат посети од средни училишта за упис со презентации.<br><br>**Грижа за ученици со емоционални потешкотии**<br>Во училиштето во Годишната програма има планирано процедури за откривање и работа со ученици со емоционални проблеми. Проблемите од овој вид кај децата се откриваат при упис во прво одделение и преку разговори со нив, посета на часови, разговори со родителите и наставниците.<br>Стручната служба е обучена да им помогне на учениците и/или родителите во вакви ситуации или да ги упати до релевантните институции. Училиштето има редовна соработка со релевантните институции, како што се здравствените установи, Центарот за социјална работа, полицијата итн. |

| | |
|---|---|
| | Со овие ученици се работи индивидуално или во група, а по потреба се вклучуваат и родителите. |

### *3.4.4.Следење на напредокот*

| **Извори на податоци** | **Добиени информации** |
|---|---|
| Извештаи и анализи;<br><br>Педагошка евиденција и документација;<br><br>Евиденција на премин на ученици (преводници и др.);<br><br>Записници од разговорите со наставниците и со стручната служба; | **Водење евиденција за индивидуалниот напредок на учениците**<br>Најголем број од наставниците водат целосна и уредна евиденција за постигањата, редовноста и поведението на сите ученици, како и за нивниот интелектуален, социјален и емоционален развој по тромесечија, полугодие и на крајот на годината. Ваквата евиденција им е достапна на сите наставници, родители и ученици.<br>Училиштето располага со евидентни листови за секој ученик каде се следи неговиот успех и поведение од страна на одделенските раководители. На крај на годината учениците добиваат свидетелство за постигнатиот успех.<br><br>**Анализа на напредокот на учениците по паралелки**<br>Наставниците подготвуваат редовни извештаи и анализи за напредокот на учениците по паралелки и години. Подготвените извештаи и анализи според паралелки им се доставуваат на увид на стручната служба и на раководниот кадар и се целосно достапни за сите други наставници, родители и за самите ученици. Резултатите од анализите се користат за подобрување на воспитно-образовниот процес, но не за подобрување на планирањата на наставниците.<br>Преминувањето на учениците во друго училиште се спроведува согласно законот за основно образование .<br>Училиштето применува законски постапки со договорени процедури при што доставува податоци за учениците кои преминуваат во друго училиште и има податоци за учениците кои доаѓаат од друго училиште. |

## РЕЗИМЕ И ЗАКЛУЧОЦИ ЗА ПОДРАЧЈЕТО ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИТЕ

### Клучни јаки страни

- Севкупна грижа за сите ученици подеднакво без разлика на нивната социјална и материјална положба, полова и етничка припадност;
- Безбедноста и хигиената во училиштето и грижата за здравјето на учлениците;
- Континуирано следење на напредокот на учениците;
- Постои соработка со родителите на учениците.

### Клуични слаби страни

- Училишната простор нема пристапни рампи за ученици со телесни пречки во развојот

### Идни активности: Приоритетни потподрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето

- Во училиштето да се обезбедат пристапни рампи за безбеден пристап на ученици со телесни пречки во развојот
- Дел од тоалетите да се приспособат за потребите за ученици со посебни образовни потреби

## 3.5 Училишна клима и односи во училиштето

Во ова подрачје на вреднување направено е согледување на индикаторите:

- **Училишна клима и односи во училиштето**
- **Промовирање на постигањата**
- **Еднаквост и правичност**
- **Партнерски однос со родителите со локалната и деловната заедница**

### *3.5.1.Училишна клима и односи во училиштето*

| **Извори на податоци** | **Добиени информации** |
|---|---|
| Кодекс на однесување<br><br>Анкети/интервјуа со наставниците, родителите и со учениците<br><br>Педагошка евиденција за изречени педагошки мерки<br><br>Статут на училиштето | **Углед/имиџ на училиштето**<br><br>Училиштето е препознатливо според високиот квалитетот на работата и постигањата на учениците во различни области. Наставничкиот кадар ужива респект кај родителите. Во училиштето владеат позитивни меѓучовечки односи. Учениците и вработените се идентификуваат со училиштето, се грижат за неговиот углед и се горди што се дел од него.<br><br>**Кодекс на однесување**<br><br>Училиштето има кодекс на однесување во кои се поставени принципите и правилата на однесување на сите структури во училиштето (раководниот кадар, наставниците, стручната служба, техничкиот персонал, учениците и родителите). Во нивната изработка учествуваа претставници од сите структури. Училиштето има пишани процедури за реагирање во случај на прекршување на принципите и правилата на однесување, пропишани со кодексите и таквите процедури ги спроведува во практика.<br><br>**Училишна клима**<br><br>Училиштето води политика на заемно почитување и вклученост на сите етнички заедници што |

| | |
|---|---|
| Куќен ред на училиштето<br><br>Извештај од реализирани еколошки проекти и акции од воспоставените еколошки стандарди за одржлив развој<br><br>Записници од состаноци со ученичката заедница | учествуваат во училишниот живот. Учениците, членови на училишната заедница се поканувааат на наставнички совет, совети на паралелки и УО. Раководниот и наставничкиот кадар играат клучна улога во одржувањето на постојано поттикнувачка атмосфера во училиштето, што се гледа од нивното однесување со учениците, другите вработени, родителите и посетителите на училиштето. Вработените ги упатуваат учениците да се грижат за училиштето и едни за други. Сите ученици (без оглед на способностите, родот, етничката припадност, верата и потеклото) се чувствуваат безбедни и прифатени од возрасните и од другите ученици во училиштето. За учениците со потешкотии во учењето и со посебни образовни потреби работи инклузивен тим кој работи со цел давање на подршка и помош на овие ученици.<br>Учениците се чувствуваат безбедни и прифатени од возрасните. Но, исто така во својата анкета голем број од учениците делумно се согласуваат и мал број воопшто не се согласуваат дека сите ученици се одговорни и се почитуваат меѓусебе во училиштето.<br><br>**Поведение и дисциплина во училиштето**<br><br>Учениците и вработените ги почитуваат демократски усвоените правила на однесување на училиштето. Постои работна атмосфера за време на наставата и вонnаставните активности, а вработените постојано се грижат за однесувањето и безбедноста на учениците за време на одморите, приемот на учениците и нивното заминување од училиштето. Учениците се совесни, учтиво се однесуваат и соработуваат меѓусебно и со наставничкиот кадар. Вработените се позитивен пример за учениците, авторитетно, но со внимание се справуваат со проблемите што се однесуваат на дисциплината и редовноста, поради што се подобрува квалитетот на поучувањето и учењето во наставата. Училиштето соодветно го применува правилникот за изрекување педагошки мерки и во последните три години изречени се 30 педагошки мерки од кои 12 писмени опомени, 7 укори од одделенскиот раководител и 1 преместување на ученик во друга паралелка.<br><br>Во училиштето нема закани, провокации, навреди и/или пишани графити со негативна содржина .<br><br>**Партиципација на учениците во решавањето проблеми и донесувањето одлуки**<br><br>Училиштето има демократски формирано ученички парламент кој учествува во разгледувањето на одлуки за прашања што се од непосреден интерес за учениците**.** Учениците навреме и целосно се информирани од ученичката заедница за сите работи што се од нивен непосреден интерес и |

| | |
|---|---|
| | учествуваат во решавањето на проблемите и донесувањето одлуки во врска со тие работи.<br>Два члена од ученичкиот парламент учествуваат на состаноците на советот на родители и Училишниот одбор. Учениците од седмо, осмо и деветто одделение имаат избрано ученички правобранител. |

### *3.5.2.Промовирање на постигањата*

| **Извори на податоци** | **Добиени информации** |
|---|---|
| -Годишна програма за работа на училиштето | **Промовирање на личните постигања на учениците**<br>Училиштето става голем акцент на постигањата на сите ученици. Наставничкиот кадар успешно ја организира средината за учење со поставување јасни и високи очекувања во однос на постигањата, редовноста и дисциплината на учениците. Учениците имаат добри очекувања од самите себе и од другите за повисоки постигања. Наставничкиот кадар успешно го користи пофалувањето како начин на мотивирање.<br>Постигањата на учениците се вршат преку разни форми, се промовираат индивидуални и групни постигања на учениците.<br>Училиштето избира ученик на генерација со јасни критериуми за избор. Ученикот кој е првенец добива награди и пофалница. На училишно ниво секоја учебна година се избираат и „Рациновци“, ученици кои постигнале посебни резултати во одредени области.<br>Постигањата на учениците се истакнуваат на видно место во училиштето.<br>**Промовирање на постигањата во име на училиштето**<br>Училиштето води политика на поттикнување на наставничкиот кадар и на учениците да учествуваат и да постигнуваат успех на натпревари на локално, регионално, државно и меѓународно ниво. Училиштето има развиен систем на наградување на учениците кои постигнале успех и за наставниците кои го помогнале тоа во сите области преку кои го промовирале училиштето. Еко активностите во училиштето се промовираат само повремено. |

### *3.5.3.Еднаквост и правичност*

| Извори на податоци | Добиени информации |
|---|---|
| Годишна програма за работа на училиштето<br><br>Изложени трудови на учениците<br><br>Паноа со дипломи, награди<br><br>Примери на промовирани активности во медиумите за постигањата на учениците<br><br>Интернет страница<br><br>Педагошка евиденција и документација во однос на вклученоста на учениците во воннаставните активности<br><br>Критериуми за избор на ученик на генерација | **Познавање на правата на децата**<br>Сите вработени во училиштето ги знаат и ги почитуваат правата на децата. Училиштето се грижи за остварување на целите од наставните програми што се поврзани со Конвенцијата за правата на децата. Училиштето ги поттикнува учениците да ги практикуваат своите права и ги заштитува во случај на нивно нарушување.<br><br>**Еднаков и правичен третман на сите ученици**<br>Најголем број на наставници во училиштето подеднакво се однесуваат со почит кон сите ученици, независно од полот, етничката припадност, социјалното потекло и способностите и кога се работи за активностите на часот и за активностите вон часовите. Училиштето ги промовира еднаквоста и правичноста.<br><br>**Прифаќање и промовирање на мултикултурализмот**<br>Училиштето води политика на позитивно вреднување и промовирање на етничката, културната, верската и јазичната разноликост во училиштето и заедницата. Учениците учат да ја почитуваат сопствената и културата и традицијата на другите етнички заедници во Р. С.Македонија, без оглед на која етничка група и припаѓаат и на кој јазик ја посетуваат наставата.<br>Од учебната 2013/2014 година училиштето го реализира МИО проектот. Активностите се планирани во Годишната програма на училиштето и се реализираат со изготвен акциски план преку работилници, научно-истражувачка работа, натпревари, решавање на конфликти. Учениците учат да ја почитуваат сопствената култура и традициј и култура и традиција на другите етнички заедници.<br>Училиштето планира заеднички наставни и воннаставни активности и врши напори да обезбеди меѓуетничка соработка со учениците и вработените со партнер училиштето ООУ „26 Јули“-општина Шуто Оризари во Скопје, но соработката е прекината поради големиот број парнер училишта со ова училиште и преоптовареност со активности. Најголем број на наставници имаат планирано интегрирани содржини од МИО. |

## *3.5.4.Партнерски однос со родителите и со локалната и деловната заедница*

| Извори на податоци | Добиени информации |
|---|---|
| -Извештај за работа на училиштето<br><br>-Записници од совет на родители и родителски средби<br><br>-Записници и одлуки од состаноци од Училишниот одбор<br>Увид во веб страната на училиштето<br><br>Документација за добиени спонзорства | **Соработка на училиштето со родителите**<br><br>Училиштето планира и презема активности за да ги поттикне родителите да се вклучат во подобрување на воспитно-образовната работа на училиштето на сите нивоа. Родителите се поттикнати активно да се вклучат во наставниот процес преку организирање предавања на конкретна тема или посети на работното место на родителот, како и во воннаставните активности. Соработката со родителите се реализира во организирана форма на повеќе нивоа и тоа: поединечно, на ниво на паралелка, индивидуални родителски средби и приемни денови, приспособувајќи се на времето што родителот го има на располагање, преку членови на училишниот одбор.<br><br>Информациите што се однесуваат на сите аспекти од работата на училиштето, како што се целите, организацијата, идните активности и нивото на постигања на учениците се јасни, разбирливи и достапни на сите родители во пишана форма. Родителите се чувствуваат добредојдени во училиштето, сепак во анкетата голем број од родителите делумно се согласуваат и мал број воопшто не се согласуваат дека училиштето презема активности за нивно вклучување во наставата.<br><br>**Соработка со локалната заедница**<br><br>Училиштето активно е вклучено во животот на локалната заедница преку спроведување заеднички проекти и организирање и учество на настани од интерес на заедницата. Заедницата добро се вклучува во подобрување на условите за работа во училиштето.<br>Училиштето има воспоставена континуирана соработка за реализирање на активностите од еколошката програма. |

**РЕЗИМЕ И ЗАКЛУЧОЦИ ПОДРАЧЈЕТО УЧИЛИШНА КЛИМА И ОДНОСИ ВО УЧИЛИШТЕТО**

**Клучни јаки страни**

- Одличен углед на училиштето во општеството;
- Добра комуникација помеѓу вработените;
- Соработката со локалната заедница и родителите е на високо ниво
- Наставниците подеднакво се однесуваат со сите ученици

**Слаби страни:**

- Во последните две години училиштето нема превземено активности со партнер училиштето ООУ „26 Јули“ – општина Шуто Оризари, Скопје во рамките на проектот МИО.

**Идни активности: Приоритетни потподрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето:**

- Да се превземат активности со партнер училиштето ООУ „26 Јули “ –општина Шуто Оризари, Скопје во рамките на проектот МИО или со друго училиште
- Да се преземат дополнителни активности во зголемување на довербата и почитувањето меѓу учениците
- Да се преземат дополнителни активности во вклучување на родителите во наставата

## 3.6 Ресурси

Во ова подрачје на вреднување направено е согледување на индикаторите:

- Сместување и просторни капацитети
- Наставни средства и материјали
- Обезбедување на потребен наставен кадар
- Следење на образовните потреби на наставниот кадар
- Финасиско работење на училиштето

### *3.6.1.Сместување и просторни капацитети*

| **Извори на податоци** | **Добиени информации** |
|---|---|
| Годишна програма за работа;<br>Непосреден увид;<br><br>Распоред на часови;<br>Полугодишен и годишен извештај;<br><br>Записници од работата на стручните активи; | **Просторни услови**<br><br>Училиштето се наоѓа во централното градско подрачје Училишната зграда е од тврда градба. Училишната зграда се состои од приземје, кат и подрумски простории во новиот дел, приземје со училници во постариот дел и спортска сала во посебен објект. Училиштето располага со вкупно 3622 м2 внатрешен простор, од кои фискултурната сала е со површина од 636 м2, дворна површина со 7180 м2 ,во чии простор се наоѓаат и две спортски терени со површина од 2620м2.<br><br>Наставата се одвива во релативно одржан училишен објект, кој располага со:<br>• 12 училници,<br>• 12 кабинети,<br>• 1 ученичка лабораторија за техничко образование,<br>• библиотека<br>• 1 наставничка канцеларија,<br>• 3 канцеларии (директор, стручни соработници, секретар/домаќин)<br>• просторија за технички персонал,<br>• кујна со трепезарија<br>• 9 помошни простории за наставни средства и помагала, |

| | |
|---|---|
| | • просторија за архива,<br>• 26 санитарни јазли,<br>• 1 фискултурна сала.<br>Училишниот двор (согласно Нормативот од 2019 година, на скала од 1 до 5, состојбата на училишниот двор е 3). Тој е заграден со висока ограда, па следствено е физички безбедна и заштитена средина, со еден главен и два споредни влезови.<br>Училишниот простор ги исполнува условите за изведување на настава според Норматите и стандардите за простор, опрема и наставни средства за основно училиште од 2020 год.<br>Покривот, громобранската инсталација и електричната мрежа се во добра состојба.<br>Училиштето има проблеми со канализациската мрежа (при поголемо оптеретување на канализациската мрежа од атмосферски води, при што доаѓа до преливање во подрумските простории на училиштето).<br>Училиштето се затоплува со парно греење. Прозорците се во добра состојба, па следствено енергетската ефикасност на училишната зграда е во добра состојба.<br><br>**Искористеност на просторните капацитети**<br><br>Училиштето има јасен план и распоред и максимално ги користи расположливите капацитети за изведување на наставата и на воннаставните активности, со што ги задоволува потребите на учениците. |

### *3.6.2.Наставни средства и материјали*

| **Извори на податоци** | **Добиени информации** |
|---|---|
| • Документација на училиштето за набавување стручна литература и наставни помагала;<br>• Статут на училиштето | **Опременост со стручна литература и наставни средства и помагала**<br>Училиштето во рамките на своите можности вложува континуирани напори и активности за обезбедување на современа стручна литература и потребни наставни средства и помагала.<br><br>Училиштето вложува напори истите континуирано да ги обновува согласно со својот |

| | |
|---|---|
| • Годишна програма за работа на училиштето за учебната 2021/22 г. (со програми за работата на директорот и стручните соработници)<br>• Полугодишен извештај за работата на училиштето за учебната 2020/21 г. (извештаи од директор, педагог, реализирани МИО и други активности)<br>• Годишен извештај за работата на училиштето за учебната 2020/21 г. (извештаи од директор, педагог, реализирани МИО и други активности)<br>• Програма за развој на училиштето<br>• Акционен план на училиштето<br>**• Увид во:**<br>- библиотечната документација<br>- документација за планирани и набавени потрошни материјали<br>- Записници од одделенски совети<br>- Записници од стручни активи<br>- Увиди од ДПИ и БРО<br>- Санитарен инспектор<br>- Совет на родители<br>- Училишна заедница | план и програма за да се излезе во пресрет на современите наставни текови, но набавката на потребните наставни средства и материјали не ги задоволува потребите на наставниците за реализација на наставата и квалитетен воспитно-образовен процес во поглед на современоста и дигитализацијата.<br><br>Училиштето ги утврдува потребите за наставни средства и помагала, вклучувајќи книги, материјали за практична работа, аудиовизуелна и ИКТ опрема и континуирано ги обновува за да соодветствуваат на современите наставни текови. Наставниците и учениците знаат кои наставни средства и материјали им се на располагање и ефективно и ефикасно ги користат во наставата и во учењето.<br><br>Наставниците и учениците имаат пристап до интернет.<br>Училиштето вложува напори континуирано да обезбеди нагледни средства . Со донации се обезбедија 7 дигитални табли, 4 бели магнетни табли, како и со ЛЦД проектори 2 принтера во боја, како и 5 детски тастатури, 1 тастатура со зголемени тастери, 3 ѓојстици, 10 програм билен издвоен клик и слично за потребите на за асистивна технологија<br>Но, сепак се забележува недостиг на доволен број специјализирани наставни средства, помагала за реализиацијa на наставата во третиот развоен период за учениците со ПОП и потешкотии во учењето, како и недостиг од асистивна технологија во зависност од индивидуалните можности, способности и потреби на ученикот со попреченост.<br><br>**Училишна библиотека**<br>Училишната библиотека располага со 8656 книги стручна литература, 1586 книги белетристика, 378 книги на српски и хрватски јазик и 32 енциклопедии. При издавањето се води елекртронска евиденција, како и евиденција за оштетеноста и потребни лектирни изданија .<br>Библиотечна евиденција се води и во интерна книга. Библиотекарот е задолжен и уредно и ги прибира и распоредува бесплатнитните учебници.<br>Библиотеката е добро уредена и располага со компјутер и пристап до интернет. Библиотеката е отворена за користење од страна на учениците и наставниците во текот на целиот училишен ден.<br><br>**Потрошен материјал**<br>Училиштето планира и навреме обезбедува потрошен материјал во потребното количество за реализација на наставните и воннаставните активности, согласно |

| | |
|---|---|
| | финансиските можности.<br>Потрошниот материјал за хигиена го има во доволна количина, а набавката се врши тековно, според потребите.<br>Освен хартијата за печатење, наставниците искажуваат дека имаат потреба од маркери за бели табли во повеќе бои, сунгери за бришење на белите табли, средства за одржување и чистење на белите табли, тонер за печатачите, стиропор или други форми за истакнување на изработките на учениците, самолеплива хартија, селотејп, лепак, ножички и друг вид на потрошен материјал. |

### *3.6.3.Обезбедување на потребниот наставен кадар*

| **Извори на податоци** | **Добиени информации** |
|---|---|
| • Закон за основно обр.<br>• Статут на училиштето<br>• Етички кодекси: Куќен ред на училиштето / Кодекс на однесување<br>• Годишна програма за работа на училиштето за учебната 2021/22 г. (со програми за работата на директорот и стручните соработници)<br>• Годишен извештај за работата на училиштето за учебната 2020/21 г. (извештаи од директор, педагог, реализирани МИО и други активности)<br>• Програма за развој на училиштето | **Број на вработени и соодветност на наставниот кадар**<br>При ангажирањето на наставничкиот кадар се земаат предвид соодветната квалификација согласно нормативот, искуството, професионалниот развој на наставникот и законските акти. Сите наставници во целост се квалификувани за реализирање на наставата според нормативите, а добро се надополнува и олеснува од страна на административно – техничкиот персонал.<br>Училиштето има еден вработен кој е унапреден со звање ментор.<br>**Податоци за наставен и ненаставен кадар** |

| **Кадар** | **Вкупно** | **Етничка и полова структура на вработените** | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **Македонци** | | **Албанци** | | **Турци** | | **Срби** | | **Роми** | | **други** | |
| | | **м** | **ж** | **м** | **ж** | **м** | **Ж** | **м** | **ж** | **м** | **ж** | **м** | **ж** |
| **Број на вработени** | **59** | **7** | **51** | **/** | **/** | **/** | **/** | **/** | **/** | **/** | **/** | **/** | **1** |
| **Број на наставен кадар** | **42** | **4** | **37** | **/** | **/** | **/** | **/** | **/** | **/** | **/** | **/** | **/** | **1** |
| **Број на стручни соработници** | **4** | **/** | **4** | **/** | **/** | **/** | **/** | **/** | **/** | **/** | **/** | **/** | **/** |

• Акционен план на училиштето
•Распоред на часови по денови
•Увид во документацијата за организација и систематизација на работните места
• Увид во записници од:
- Училишен одбор
- Наставнички совети
- Одделенски совети
- Стручни активи
- Увиди од ДПИ и БРО
- Совет на родители
- Училишна заедница
- Советот на родители
• Интервју со:
- Претседател на УО
• Увид во:
- документација на дефектологот
- ИОП-и за децата со ПОП и потешкотии
- Протоколи за реализација на воспитно-образовниот процес за заштита и превенција од КОВИД-19

| | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Административн и работници** | **2** | **/** | **2** | **/** | **/** | **/** | **/** | **/** | **/** | **/** | **/** | **/** | **/** |
| **Помошно-технички кадар** | **10** | **3** | **7** | **/** | **/** | **/** | **/** | **/** | **/** | **/** | **/** | **/** | **/** |
| **Директор** | **1** | **/** | **1** | **/** | **/** | **/** | **/** | **/** | **/** | **/** | **/** | **/** | **/** |

Од вкупно 42 наставници, 32 наставници се вработени на неопределено работно време, а 10 наставници на определено време. На наставниците приправници, од страна на директорот навремено му се назначуваат ментори.

По вид на образование сите 42 наставници се со високо образование.

Наставниот кадар е квалификуван и е оспособен да ги превземе одговорностите во наставата и вонннаставните активности.

Работата на наставниците соодветно е подржана од страна на стручната служба и административно-технички персонал. Училиштето има пропишано процедура за реализација на приправнички стаж за наставник – приправник.

**Ефективност и распоредување на кадарот**

Распоредот на наставниот кадар го врши директорот на училиштето, а родителите се задоволни од успехот и ефикасноста на наставниците, вклучувајќи ги одделенските и класните раководители.

Од формалните средби на ниво на училиште се дознава дека наставниците, учениците и родителите се задоволни од распоредот на часови по денови, за време на онлајн наставата и по пандемијата со Ковид-19. Воедно, наставниците за време на наставата од далечина и по неа, во текот на хибридната настава беа соодветно и ефективно распоредени за максимална реализација на наставниот процес.

Севкупниот наставнички кадар е редовно и навремено присутен на работното место, вклучувајќи ги и останатите вработени и приправниците во согласност со Куќниот ред. Работното време се почитува и работните обврски се извршуваат навремено, одговорно и совесно.

Наставниците успешно работат како тим во рамки на стручните активи и придонесуваат за ефективно работење на училиштето.

| | |
|---|---|
| | При ангажирање на наставничкиот кадар се земаат предвид соодветната квалификација согласно нормативот, искуството и професионалниот развој на наставникот. Во случаи на пократко или подолго отсуство на наставничкиот кадар, училиштето има механизми за брза и соодветна замена.<br><br>**Стручната служба како поддршка на наставниот кадар**<br>Стручната служба во училиштето (психолог, педагог, специјален едукатор и рехабилитатор, библиотекар) им помага на наставниците во организацијата и реализацијата на наставата, следењето на напредокот на учениците, справувањето со проблемите на индивидуално и групно ниво и давање советодавна помош на учениците. Стручната служба планира и спроведува разновидни активности за работа со учениците и наставниците и е секогаш отворена за соработка. Училишниот дефектолог обезбедува поддршка на наставничкиот кадар за работа со деца со посебни образовни потреби. |

### *3.6.4.Следење на образовните потреби на наставниот кадар*

| **Извори на податоци** | **Добиени информации** |
|---|---|
| Програма за професионален развој на наставничкиот кадар;<br><br>Професионално досие на наставник/стручен соработник;<br><br>Извештај од самоевалуација;<br><br>Програма за работа на менторот (програма за работа на менторот)<br><br>Анкети на училиштето за професионален развој на кадарот; | **Професионален развој на наставниците**<br>Училиштето ги идентификува потребите на наставниците за професионален развој преку посета на часови од страна на стручната служба и директорот, најмалку два пати во година.<br><br>Потребите на наставниците се следат и преку активностите на стручните активи.<br><br>Училиштето има изготвено План и програма за професионалниот развој. Наставниците добиваат можност да учествуваат на семинари организирани од страна на МОН, БРО, како и обуки кои се спроведуваат од страна на домашни и странски акредитирани организиации.<br><br>Училиштето има добра пракса за дисеминирање на знаењето – организирање на интерни обуки.<br><br>Стручната служба континуирано ги следи наставниците, нивните досегашни обуки и |

| | |
|---|---|
| Записници од спроведени интерни обуки; | семинари и истите се евидентирани во Портфолијата за професионален развој на наставниците.<br>Работата на наставникот приправник ја следи менторот и стручната служба, кои даваат соодветна и стручна помош.<br>Наставниците и стручната служба подготвуваат личен план за професионален развој според кој ги подобруваат своите професионални компетенцииино треба да се воспостави внатрешен механизам за истакнување и пофалување на ангажираноста, креативноста, иновативноста и успешноста на наставниците со што ќе се создаде поттик и мотивација, ќе се унапреди соработката, комуникацијата и климата на ниво на училиште, а овие информации ќе се проследат на сите нивоа на локално ниво, до родителите, на facebook страната , web страната, информаторот за родители и ученици, што резултира и за повисок рејтинг на училиштето во однос на останатите училишта во општината, градот и пошироко. |

### *3.6.5.Финансиско работење во училиштето*

| **Извори на податоци** | **Добиени информации** |
|---|---|
| Финансиски план,<br>Развоен план/програма<br>Годишната програма за работа;<br>Записници од разговори со директорот /наставниците, УО;<br>Записници и одлуките на УО;<br>записници од разговорите со | **Постапки со кои се обезбедува почитување на законската регулатива за финансиско работење**<br>Постапките за финансиско работење, што ги спроведува училиштето, се во согласност со законските норми. Раководниот кадар ги знае и ги разбира механизмите што може да ги користи за стекнување дополнителни финансиски средства.<br>Финансиското работење на училиштето се контролира од страна на Училишниот одбор. Училишниот одбор редовно го следи наменското трошење на буџетот, со цел да има увид во потрошените финансиски средства.<br>**Транспарентност во планирањето и трошењето на училишниот буџет**<br>Училиштето ги информира органите и телата во училиштето за училишниот буџет и трошењето. Одговорните лица редовно дискутираат за информации поврзани со |

| | |
|---|---|
| Советот на родители и ученичката заедница; записници од разговори со екоодборот;<br><br>склучени договори, тендери за јавни набавки;<br><br>понуди;<br><br>програма на ученичката заедница;<br><br>финансиски извештај. | ресурсите и преку одлуките што ги носат обезбедуваат економичност, ефикасност и правичност во распределувањето на финансиските средства. Раководниот кадар ги консултира сите вработени, кога тоа е потребно и на соодветно ниво на деталност.<br>Училиштето, материјалните трошоци, трошоците за комунални услуги и други финансиски трошоци ги врши од финансиски средства од основачот, преку претходно одобрен финансиски план.<br>Буџетот се користи наменски и за креативни цели што се фокусирани на подобрување на квалитетот на наставата и учењето, подобрување на постигањата на учениците, како и развојот на училиштето во целина.<br>За финансиското раборење училиштето ги информира Локалната власт преку полугодишни и годишни извештаи за финансиско работење. |

## РЕЗИМЕ И ЗАКЛУЧОЦИ ОД ПОДРАЧЈЕТО РЕСУРСИ

**Клучни јаки страни:**

- Училиштето планира и навреме обезбедува потрошен материјал во потребната количина за реализација на наставните и вон наставните активности согласно училишниот план
- Во училиштето функционира стручна служба
- Стручната служба им помага на наставниците во организација на наставниот процес
- Наставниците во училиштето редовно добиваат напатствија за водење на педагошката евиденција

**Слаби страни:**

- Училиштето располага со наставни средства, но голем број од истите се застарени и не се обновуваат за да соодветствуваа на современите наставни текови за реализирање на воспитно-образовниот процес согласно планираните ресурси

**Идни активности: Приоритетни потподрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето:**

- Училиштето да преземе мерки и активности за набавка на современи наставни средства и технички помагала

## 3.7 Управување, раководење и креирање политика

Во ова подрачје на вреднување направено е согледување на индикаторите:

- **Управување со училиштето**
- **Раководење со училиштето**
- **Цели и креирање на училишната политика**

### *3.7.1.Управување со училиштето*

| | |
|---|---|
| | **Управување со училиштето** |
| Статут на училиштето<br><br>Записници, одлуки и извештаи од работата на училишниот одбор,<br><br>Интервју со УО | Училишниот одбор е конституиран во согласност со законската регулатива. За измена на Статутот на училиштето, е формирана работна група од Училишниот одбор.<br><br>Работата на УО е јасно дефинирана со деловникот за работа на УО. Во деловникот за работа е пропишано задолжително присуство на најмалку по еден претставник од структурите предвидени со Законите за основно и средно образование во УО (освен во случаи на најавено отсуство или неименувани претставници). Членовите на ученичкиот парламент имаат активно учество во дискусиите кои се однесуваат на интересите на учениците.<br><br>Работата на УО е транспарентна за сите структури.<br><br>Состаноците се одржуваат и се реализираат во согласност со деловникот за работа на УО. УО им обезбедува редовни, детални и сеопфатни информации за својата работа на другите субјекти вклучени во воспитно-образовниот процес. УО има воспоставено партнерски однос со раководниот орган на училиштето и другите училишни структури. Училиштето обезбедува обука за членовите на УО заради успешно извршување на улогата на управување. УО активно учествува во креирањето политики за еколошка едукација и заштита на животната средина и гради училишни политики во кои се афирмира инклузивноста на училиштето и меѓуетничката интеграција во образованието. |

### *3.7.2.Раководење со училиштето*

| **Извори на податоци** | **Добиени информации** |
|---|---|
| Самоевалуација<br><br>Развоен план/програма на училиштето<br><br>Акциски планови за постигање на поставените цели<br><br>План за следење и евалуација на реализацијата на акциските планови<br><br>Записници од органите и телата Интервјуа со директорот наставниците, родителите и со учениците<br><br>Годишна програма за работа | **Раководење со училиштето**<br>Раководниот орган е директорот. За својата работа директорот има изготвено програма за работа која е составен дел на Годишната програма за работа на училиштето за учебната 2021/2022 година.<br>Директорот има добра соработка со вработените. Работењето му е транспарентно со директна комуникација, преку соопштенија, истакнување на информации на огласна табла, како и писмена и електронска коресподенција со оние кои треба да бидат информирани.<br>Директорот има стратешка определба заснована врз јасна визија што ги содржи гледиштата и потребите на сите вклучени страни во животот на училиштето. Раководниот орган знае како објективно да го оцени квалитетот на вработените, да го вреднува нивниот придонес во тимската работа и како да ја промовира добрата практика што постои во училиштето. Донесува одговорни одлуки. Има изградено личен кредибилитет и професионален однос кон работата што се заснова врз најнови знаења и вештини, вклучувајќи и способност ефективно да делегира, комуницира и да раководи со вработените и нивниот развој. Иницира и успешно раководи со промените во образовниот систем. Детектира и се фокусира на јасни приоритети воочени во развојниот план/програма преку ефективна самоевалуација, а во центарот на своето работење ги става постигнувањата на учениците и подобрувањето на училиштето.<br>Фокусот на работење на директорот е обезбедување на современа технологија за подобрување на наставниот процес, со примена и техники на ИКТ, подобрување на условите со редовно и квалитетно одржување на објектот, уредување на училишниот двор, интервенирање во делот на оценување со доволно инструменти во склоп со критериумите за оценување<br>За обезбедување на пообјективно оценување , активирање работата на стручните активи, реализиацја на обуки на наставниците со надворешни обучувачи како приоритет на наставниците со акцент на обуки за работа со деца со посебни образовни потреби.<br>Досега е извршено реновирање на дел од стариот објект ( ходници и училници), варосување на фискултурната сала, хортикултурно уредување на училишниот двор,варосување на предниот дел од фасадата, донација од родители два кошаркарски кошеви, потфати во инфраструктурата и реализирана соработка со низа НВО, локална самоуправа, фондации и државни институции. |

| | |
|---|---|
| | Раководењето на директорот се заснова на тимска работа, преку вклучување на вработените во процесите на планирање , реализиација и евалуација на севкупните активности. |

### *3.7.3.Цели и креирање на училишната политика*

| **Извори на податоци** | **Добиени информации** |
|---|---|
| Развоен план/програма на училиштето<br><br>Акциски планови за постигање на поставените цели<br><br>План за следење и евалуација на реализацијата на акциските планови<br><br>Записници од органите и телата<br><br>Анкети со наставниците, родителите и со учениците<br><br>Годишна програма за работа | **Јасност и соодветност на целите**<br><br>Целите на училиштето се во согласност со целите на државната и на локалната образовна политика. Целите се прецизни и јасни и се фокусирани на подобрување на квалитетот на наставата и подобрување на постигањата на сите ученици со акцент на работа на учениците со ПОП. Вработените, родителите и учениците активно учествуваат во креирањето на целите, начелата и вредностите на училиштето и се запознаени со начинот на нивно остварување и подобрување.<br><br>Во Годишната програма за работа за учебната 2021/2022 година поаѓајќи од утврдените приоритети во развојното планирано, поставени се актуелни цели:<br><br>-професионален развој на наставниците, стручните соработници и раководниот кадар со цел унапредување на работата со ученици со ПОП, ученици со потешкотии во учењето, надарени ,<br><br>-подобрување соработката со родителите<br><br>-опремување на училиштето со поголем број на современи нагледни средства и дидактички материјали<br><br>-обновување на спортски терени и друго.<br><br>Целите се добро разработени во акциониот план кој ги содржи сите потребни елементи за успешно постигање. |

| | |
|---|---|
| Извештаи од интерната евалуација | **Процедури за креирање на училишната политика**<br><br>Училиштето има пропишани процедури за донесување на училишни политики и програми. Училиштето континуирано ги подобрува политиките во училиштето за меѓуетничка интеграција, намалување на насилството во училиштата, намалување на семејното насилство, недискриминација, еднаков пристап до квалитетно образование за сите, инклузивност, еколошко образование итн. Вработените активно учествуваат во креирањето и подобрувањето на политиките, како и за активностите за нивно остварување. При креирањето на политиките училиштето ги зема предвид и мислењата на родителите и на учениците.<br>Училиштето има план за евалуација на акциските планови, преку што се следи реализацијата на поставените цели. |

### *3.7.4.Развојно планирање*

| **Извори на податоци** | **Добиени информации** |
|---|---|
| Самоевалуација<br><br>Развоен план/програма на училиштето<br><br>Акциски планови за постигање на поставените цели<br><br>План за следење и евалуација на реализацијата на акциските планови<br><br>Записници од органите и телата Интервјуа со директорот наставниците, родителите и со учениците<br><br>Годишна програма за работа | **Цели на развојното планирање**<br><br>Развојното планирање за периодот од 2019 до 2023 година ги содржи приоритетите од идентификуваните состојби во претходната самоевалуација на училиштето за учебните 2018, 2020 година). Целите се прецизни, јасни и ги отсликуваат мисијата, визијата и вредностите на училиштето и при нивното поставување се вклучени наставниците, родителите, учениците и претставниците од локалната заедница.<br><br>Во Програма за развој планирани се следните стратешки цели:<br><br>-професионално усовршување на наставниот кадар<br><br>-подобрување на материјално-техничките услови во училиштето<br><br>-зголемување на свеста кај родителите за важноста од нивното вклучување во училишниот живот.<br><br>За реализација на стратешките цели испланирани се развојни и конкретни цели, преку кои |

| | |
|---|---|
| План за професионален развој<br><br>Извештаи од интерната евалуација | активности ќе се реализираат со испланирани потребни ресурси, временска рамка, индикатори и извори на доказ.<br><br>Училиштето има акциски планови за следење и евалуација на на развојната програмаи постигањата на поставените стратешки цели.<br><br>Училиштето ги информира наставниците, учениците и родителите за поставените цели, динамиката за нивното реа- лизирање и постигнатите резултати.<br><br>Училиштето ги зема предвид ставовите на наставниците, родителите, учениците и локалната заедница. |

### *3.7.5.Професионален развој/стручно усовршување на кадарот*

| **Извори на податоци** | **Добиени информации** |
|---|---|
| Програма за професионален развој<br><br>Самоевалуација<br><br>Развоен план/програма на училиштето<br><br>Акциски планови за постигање на поставените цели<br><br>План за следење и евалуација на реализацијата на акциските планови<br><br>Записници од органите и телата<br><br>Интервјуа со директорот наставниците, родителите и со | **Професионален развој/стручно усовршување на кадарот**<br><br>Стручното усовршување на наставниот кадар и стручните соработници се врши континуирано.<br>Училиштето има процедури за утврдување на потребите за усовршување на наставниот кадар и<br>Програма за професионален развој на наставниците, вклучувајќи ги и обуките за работа со деца со потешкотии во развојот. Се вршат дисеминации и следење на примената на стекнатите знаења од обуките.<br>Примената на стекнатите знаења од дисеминациите се проверува преку посета на час.<br><br>Во училиштето има примери на стручно усовршување покрај посети на обуки организирани од БРО, да се организираат од училиштето со повикување на стручни лица и други потребни обуки со средства добиени од училиштето (планирани за таа намена).<br><br>Поддршка за здобивање на сертифицирани обучувачи за потребните обуки, училиштето добива од општината и БРО. |

| | |
|---|---|
| учениците<br>Годишна програма за работа | Со секојдневниот напредок во технологијата во секојдневниот живот се наметнува потребата од стручно доусовршување на наставниот кадар за примена на современа технологија во наставата. |

### *3.7.6.Материјално-технички средства*

| **Извори на податоци** | **Добиени информации** |
|---|---|
| Самоевалуација<br>Развоен план/програма на училиштето<br>Годишна програма за работа<br>Пописни листи<br>Увид во опремата<br>Апликации на училиштето за обезбедување средства од локалната самоуправа, заедницата, донаторите и сл. | **Материјално-технички средства**<br>Потребите од материјално-технички средстава редовно се идентификуваат, континуирано се планираат и во најголем дел се обезбедуваат.<br><br>Потребните финансиски средства, материјали и услови училиштето ги обезбедува прек проекти, МОН, општината и сопствени средства обезбедени од издавање на просторот.<br><br>Училиштето има примери на добиени донации од родителите за нагледни средства помагала. |

### *3.7.7.Инфраструктура*

| **Извори на податоци** | **Добиени информации** |
|---|---|
| Развоен план на училиштето<br>Годишна програма за работа<br>Извештаи од интерната евалуација<br>Финансиски план на училиштето<br>Увид во инфраструктурата<br>Апликации на училиштето за обезбедување средства од локалната самоуправа, заедницата, донации и сл. | Училиштето континуирано го ревидира планот за подобрување и осовременување н инфраструктурата на училиштето и обезбедува сопствени средства и средства од донации з наменско инвестирање.<br>Училиштето има воспоставено соработка со локалната самоуправа и заедницата в однос на подобрувањето на инфраструктурата.<br>Училиштето има примери на добиени донации од родителите за подобрување н условите во училниците и целосно реновирање на фудбалското игралиште. |

**РЕЗИМЕ И ЗАКЛУЧОЦИ ОД ПОДРАЧЈЕТО УПРАВУВАЊЕ, РАКОВОДЕЊЕ И КРЕИРАЊЕ ПОЛИТИКА**

**Клучни јаки страни:**

- Во училиштето постојат услови за демократско одлучување;
- Соработката со сите субјекти во училиштето е добра;
- Директорот има јасна визија за развојот и напредокот на училиштето;
- Постигањата на учениците и промовирањето на училиштето се приоритет
- Во остварувањето на целите на училиштето се вклучени сите субјекти;
- Условите за работа задоволуваат;
- Финансиските средства се во функција на приоритетите на училиштето и воспитно - образовните цели;

- Училишните простории овозможуваат реализација на наставни и воннаставни активности ;
- Училишните простории адекватно се одржуваат и се на високо ниво од функционален, естетски и хигиенски аспект.

**Слаби страни:**

- Ново настанатата состојба со пандемијата со вирусот Ковид 19, ја наметна потребата од стручно доусовршување на наставниот кадар за реализација на наставата со примена на современа технологија и обезбедување на истата.

**Идни активности: Приоритетни потподрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето:**

- Да се организираат обуки на наставниот кадар за реализација на настава со примена на современа технологија и обезбедување на истата
- Да се интензивира, мотивира и афирмира учеството на талентираните ученици
- Да се организираат обуки на наставниот кадар за реализација на настава со современа технологија
- Да се интензивира меѓусебната комуникација и соработка помеѓу родителите, учениците, вработените и органот за управување и раководење со училиштето поради последиците од Ковид пандемијата.

# 3. ИЗВЕШТАЈ

## За извршената самоевалуација со предлог на мерки за подобрување на квалитетот на воспитно-образовната работа

Врз основа на член 129, став 1,2,3,4 од Законот за основно образование (Сл.весник на РМ бр. 161/19), училишната комисијата на крајот од учебната 2021/2022 година спроведе самоевалуација за работата и постигањата на училиштето.

За поголема ефикасност во работењето, се формираа тимови по подрачја, кои имаа средби и разговори со сите вработени во училиштето. Се изврши проверка на потребната документација и од неа користеше повеќе податоци. Се спроведе анкета со ученици, наставници, родители и директорот. Добиените податоци беа обработени, анализирани и врз нивна основа се донесе следниот извештај.

За изготвување на Самоевалуацијата беа користени насоките од Законот за основно образование и Индикаторите за квалитет на работата на училиштето, изготвени од МОН и ДПИ.

Целта на Самоевалуацијата е со конкретни анализи и осврти на сите области на работење на училиштето да се добие слика за квалитетот во работењето, напредокот и постигањата на училиштето, јаките но и слаби страни, за кои ќе следат предлог мерки за нивно надминување.

Секако дека воочените слабости ќе ги мотивираат сите учесници во наставниот процес (директни или индиректни) да ги вложат сопствените капацитети и искористат постојните ресурси за подобрување на условите и стандардите во училиштето. На тој начин ќе се придонесе за целосно и квалитетно реализирање на воспитно-образовниот процес.

Самоевалуацијата ги издвојува приоритетните области на делување за унапредување и осовременување на наставните и вонnаставни активности. Заедничка цел на сите субјекти во училиштето е слабите страни да се во помал број, а јаките да се одржуваат, односно зголемуваат.

Квалитетот на анализираните теми и области се евалуирани на три нивоа (се согласувам, делумно се согласувам, не се согласувам според однапред одредените индикатори. Врз основа на дадената оценка се изведени судовите и заклучоците каде се наоѓа нашето училиште, во која насока се движи и кои се неговите позначајни постигања.

Според целосно извршената самоевалуација, Комисијата ја оцени работата на училиштето со оценка – **многу добар.**

Оваа оценка претставува збир на целокупната состојба и работа во училиштето, која е добиена од сите седум подрачја, кои ја опфаќаат самоевалуацијата на училиштето.

Придонес за ваквата донесена оценка имаат сите вработени во училиштето и учениците, како и родителите.

***Предлог мерки:***

- Да се обезбедат материјални ресурси за работа со ученици со посебни потреби
- Според насоките кои се дадени во Концепцијата за основно образование од учебната 2021/22 година на учениците да им се даде поголем избор на интересни воннаставни (слободни) и вонучилишни активности каде што можат да се вклучат
- Да се следат постигањата на учениците при премин од еден во друг образовен циклус, од основно во средно образование
- Во оперативните планови за наставен час, наставниците да ги диференцираат целите според можностите на учениците, односно да изготвуваат прилагодени задачи за надарените ученици и учениците кои имаат потешкотии во учењето
- Тимот за професионален развој на наставникот во својата годишна програма да планира обука за наставниците која опфаќа работа за деца со ПОП и надарени деца. Воедно и да се планира обука за примена на смарт таблите и новите компјутерски технологии во наставата
- Во училиштето да се обезбедат пристапни рампи за безбеден пристап на ученици со телесни пречки во развојот
- Дел од тоалетите да се приспособат за потребите за ученици со посебни образовни потреби
- Да се превземат активности со партнер училиштето ООУ „26 Јули “ –општина Шуто Оризари, Скопје во рамките на проектот МИО или со друго училиште или со друго училиште
- Да се преземат дополнителни активности во зголемување на довербата и почитувањето меѓу учениците
- Да се преземат дополнителни активности во вклучување на родителите во наставата
- Училиштето да преземе мерки и активности за набавка на современи наставни средства и технички помагала
- Да се организираат обуки на наставниот кадар за реализација на настава со примена на современа технологија и обезбедување на истата.
- Да се интензивира, мотивира и афирмира учеството на талентираните ученици.
- Да се организираат обуки на наставниот кадар за реализација на настава со современа технологија

- Да се интензивира меѓусебната комуникација и соработка помеѓу родителите,учениците, вработените и органот за управување и раководење со училиштето поради последиците од Ковид пандемијата.

Горе наведените предлог мерки ќе се додадат во Годишната програма за работа на училиштето и во Програмата за развој на училиштето за периодот 2023-2027 година.

Училишна Комисија за самоевалуација:

1. Сузана Камчева, психолог ____________________
2. Сузана Стојановска, одделенски наставник ____________________
3. Марина Гроздановска, предметен наставник ____________________
4. Катараина Миновска, предметен наставник _____________________
5. Александра Јанева, родител _____________________

12.07.2022 година

Скопје

ВД Директор

---------------------

Гордана Јаневска